Бр. 02-543
16.12.2008

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и бр. 103/2008), Универзитетскиот сенат, на 4. седница одржана на 16.12.2008 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за избор на редовен професор

**Член 1**

Д-р Елизабета Шелева, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Филолошки факултет „Блаже Конески", се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Филолошки факултет „Блаже Конески" по предметите теорија и методологија на проучување на книжевноста 5, 6, 7 и 8.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Елизабета Шелева заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Филолошки факултет „Блаже Конески" и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Гордана Богоева - Гацева**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Република Македонија Скопје

ДН:
- Филолошки факултет „Блаже Конески"
- Д-р Елизабета Шелева

Република Македонија
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ

| Примено: 08-01-2009 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност |
| 04 | 726/8 | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ВО СКОПЈЕ**

**Билтен број 953 Скопје,**
**1 декември 2008 година**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК - РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПРОУЧУВАЊЕ НА КНИЖЕВНОСТА 5, 6, 7 И 8 НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" - Скопје, на својата 14. редовна седница, одржана на **23.6.2008 год.**, не избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Елизабета Шелева, вонреден професор, за избор во звањето редовен професор по предметите Теорија и методологија на проучување на книжевноста 5, 6, 7 и 8 на конкурсот објавен во весникот "Дневник", на 16.6.2008 г.

По разгледувањето на приложениот материјал, а во согласност со член 29 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, чест ни е да го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Елизабета Шелева е родена на 14.04.1961 година во Охрид. Основно и средно образование завршила со одличен успех во Скопје. Во 1980 година се запишала на новоотворената Група за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје, а во 1984 дипломирала како најдобар студент на генерацијата, со просечна оценка 9, 68. Од 1984 г. работи на предметот теорија и методологија на проучувањето на литературата, како стажант, помлад асистент и од 1990 г. како асистент.

Во 1984 година, се запишала на постдипломски студии на Филолошкиот факултет во Белград, кои ги завршила со одбрана на магистерскиот труд "Типолошките модели на македонската книжевна критика во 50-тите години" , во 1989 година.

Д-р Шелева, на Катедрата за општа и компаративна книжевност од 1989/90 година, ги одржува вежбите од предметот методологија на проучувањето на литературата за студентите од трета и четврта година; работела врз методолошките школи во проучувањето на литературата; внесувајќи притоа нови аспекти, врзани за поновите, постструктуралистички методи во проучувањето на литературата, користејќи ги делата од современата македонска литература како апликативен и

илустративен материјал. Покрај тоа, Шелева го застапува интердисциплинарното проучување на литературата, применувајќи ги, на своите вежби и предавања, најсовремените методи не само од потесно литературната туку и од поширoко културолошката проблематика (интердисциплинарни споредби со филмот и ликовната уметност, актуелизација на геопоетиката, интеркултуралната херменевтика, феминистичката критика, техно-културата). Во најново време, предавањата се особено збогатени со проблематиката на културниот идентитет, другоста, границата, (не)вдоменоста, а кои потекнуваат од методолошкиот домен на постколонијалниот дискурс.

Од вработувањето, Шелева на два пати ја извршувала должноста секретар на Катедрата за општа и компаративна книжевност, а била и редовен член на Наставно-научниот совет.

На 7 јули 1998 г., таа успешно ја одбранила својата докторска дисертација "Проблематиката на интертекстуалноста во светлина на компаративната книжевно-научна методологија", на Филолошкиот факултет во Скопје, со што ги исполнила предусловите за избор во повисоко (наставничко) звање.

На **24 февруари 1998** година била избрана во звањето **доцент** по предметот теорија и методологија на проучувањето на литературата. На **16 јануари 2004** година bila избрана во звањето **вонреден професор** по истиот предмет.

Била член на Комисијата за нормативна дејност, како и член на Комисијата за подготовка на тестовите и изведба на подготвивтелната настава за приемните испити, при Катедрата за ОКК во 1999 и 2000 г. Била претседател и на Централната пописна комисија, при Филолошкиот факултет, во 1999 год.

Во октомври 2001 год. била избрана за **шеф** на Катедрата за ОКК и е член на Факултетската управа.

Била член на катедарската комисија за изработка на приемните испити за учебната 2005/2006 год.

Во периодот од 2004-2008 година била избрана за член на Универзитетскиот **сенат.**

Била член на Организациониот одбор за одбележување на 25-годишнината од основањето на Катедрата за ОКК

Од 1999 година, ги започнала предавањата на двете меѓународни летни школи за постдипломци "Лицето на Другиот", во организација на ХЕСП-Будимпешта и ФИООМ-Скопје.

Од мај 2002 год. е вклучена и во наставата на **пост-дипломските студии** при Филолошкиот факултет во Скопје, на насоката: наука за книжевноста.

Од 2001 год. е вклучена и во работата на интер-катедарскиот колегиум за подготовка и формирање на насоката Културни студии, во соработка со ФДУ- Скопје.

Во јуни 2001 година, го водела курсот "Балканскиот субјект и неговите родови", на меѓународната летна школа за пост-дипломци, во организација на институтот **Евро-Балкан**, а во март 2002 година била предавач на меѓународната работилница "Унапредување на наставните програми за родови студии во Југоисточна Европа".

Во 2001 година, била избрана за модераторка на сесијата "Визии и стратегии во наставата по литература во Југоисточна Европа" и воедно за експертски претставник од Македонија, во рамките на меѓународниот проект "Сликата на Другиот во наставата по литература", спроведен од страна на Balkan Colleges Foundation од Софија, во периодот од ноември 2000 до декември 2001 год .

Во 2001 година, на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, го одржала предавањето "Балканизмот и современата македонска драма".

Била учесник и на работилницата "Другиот во високото образование во Македонија", организирана од ФИООМ, на 17 април 2002 год.

Од март до декември 2002 година, во рамките на школата "Род и политика", при институтот "Евро-Балкан", за првпат го предавала предметот феминистичка литературна теорија.

Во рамките на активностите за соработка и унапредување на **научниот подмладок**, била избрана за **ментор** на магистерскиот труд "Поетички аспекти на македонската постмодернистичка проза", кој го изработи Роберт Алаѓозовски (2002).

Исто така, била член на Рецензентската комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација на Соња Стојменска и Наташа Аврамовска, како и член на Комисијата за оценка и одбрана на магистерските трудови на Тодор Тасевски и Марија Георгиева (2003).

Била член на **Рецензентската комисија** за одбрана на докторскиот труд " Театарот на децентрирањето: Б.М.Колтес" на м-р Деспина Ангеловска.

Ментор е на докторската дисертација на м-р Бујар Хоџа „Теориско-методолошки постулати на делото на Умберто Еко".

Во работата со студентите, постојано ги поттикнува нивните самостојни истражувања и прилози, така што досега во стручната периодика се објавени завиден број студентски и прилози од научниот подмладок.

Била учесник на Меѓународниот семинар за обука на наставници "Унапредување на критичкото мислење во високото образование", во организација на ЦЕП/ФИООМ (Охрид, 22 април 2002).

Од 1987 г., кога е формирано Друштвото на компаративна книжевност на Македонија, па се до 1992 г. м-р Елизабета Шелева ја извршувала функцијата секретар на Друштвото, а од почетокот на 1996 г. била избрана за негов претседател. Во текот на тој мандат, беа одржани неколку забележителни средби, меѓу кои особено се издвојува плодниот семинар, посветен на творештвото Хулио Кортасар и одржан во присуство на неговата преведувачка Силвија Монрос.

Во 1989 и 1990 г., таа соработувала како автор на два проекта при Институтот за литература. : "Проблематиката на книжевното вреднување" и "Методолошки аспекти на критиката на Милан Ѓурчинов ".

Од 1993 до 1998, Шелева била член на научно-истражувачкиот тим, кој работи на проектот "Компаративно

проучување на македонската литература и култура во XX век ", при МАНУ. Покрај учеството на досега одржаните 4 научни собири, таа ја вршела и должноста стручен секретар на проектот.

Во 1986 г. дебитирала со книгата критики "Во име на новото" за која ја добила републичката награда на весникот "Млад борец", за достигања од областа на литературата.

Од 1994 г. е член на асоцијацијата на Независните писатели на Македонија.

Во 1996 г. излезгла од печат нејзината втора книга "Компаративна поетика", во која се третираат проблеми од областа на постмодерната истовремената македонска проза.

Во 1997 г., Шелева ја објавила книгата "Книжевно-теориски студии", во која се поместени теми од областа на наставната материја, која таа непосредно ја обработува, апликативни прилози, вклучително и студии за постструктуралистичката методологија.

Од 1998 г. до денес, Шелева е член на редакцијата на весникот за литература и култура "Наше писмо".

Во 1999 год. била избрана за член на македонскиот ПЕН центар, а од 2000 до 2002 г. била член на претседателството на македонскиот ПЕН центар.

Во 2000 година, излегуваат две нејзини книги:"**Од дијалогизам до интертекстуалност**" (текстот на докторската дисертација) и "**Културолошки есеи**" (прилози со поширока, тематска и дисциплинарна определба).

Се занимавала и со **превод** на теориска литература, првенствено од англиски јазик: автор е на преводот на теориската автобиографија на Карл Попер "Непрекинатата потрага" (во 2001 г.), како и на фундаменталната книга од областа на родовите студии "Проблеми со родот" од Џудит Батлер (2002 година, во ко-авторство со Р. Алаѓозовски). Исто така, била ко-автор и на преводот од словенечки јазик, на книгата "Теорија за денешно време" од Растко Мочник (во 1999 год., со Јасна Котеска).

Во 2003 година, ја објавила книгата "**Отворено писмо**", истражувања и студии од областа на компаративната македонистика, напишани во текот на последните 10 години.

Надвор од својата матична институција, д-р Шелева била поканета да одржи повеќе предавања:

Била предавач во зимскиот семестар на курсот "Феминистичка литературна теорија", во рамките на Школата за Род и политика, Евро-Балкан, Скопје, октомври-декември 2004.

Била предавач по "Методи на критичко читање и пишување"; Школа за критичко мислење и дебатирање, Културен центар "Точка", Крушево, 6 мај 2005.

Била предавач на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, со рефератот "Што е ново во македонската литература", Охрид, 20 август 2008 г.

Член е на Академскиот одбор на Истражувачкиот центар за родови студии, при институтот Евро-Балкан, Скопје, од декември 2004 г.

Во извештајниот период, д-р Шелева била поканета да одржи предавања и на постдипломксите студии на 4 универзитетски региони.

Настапила како гостин предавач на Отсекот за женски студии и родови истражувања, при Факултетот за политички науки, од областа "Постколонијална критика", **Белград**, 16 април 2005.

На Филозофскиот факултет во **Загреб**, одржала предавање под наслов " Македонската современа поезија", на 14 ноември 2006.

Била предавач на Интеруниверзитетскиот центар во **Дубровник**, во текот на две последователни академски години - на курсот за постдипломци - Feminisms in Transnational Perspective-Rethinking North and South in Post-Coloniality, одржан од 28 мај до 1 јуни 2007 г. и на курсот Voicing Feminist Concerns, одржан од 26 до 29 мај 2008г..

Била предавач и на магистерската програма по родови студии "Род и наука", одржана во **Сараево**, на 4 и 5 септември 2008

Во извештајниот период, д-р Шелева зела учество и во три научноистражувачки проекти.

Во рамките на макро-проектот " Другиот во наставните содржини на високото образование", поддржан од ФИООМ (Скопје) и ХЕСП (Будимпешта), 2006 г., била **раководител** на проектот "Удвоена Другост - родовите аспекти на балканизмот" и на научноистражувачкиот тим од 5 соработници.

Учествувала и во колективните проекти на МАНУ „Поимник на современата книжевна теорија" (под раководство на акад. Ката Ќулавкова), МАНУ, 2006-2008, како и проектот на Катедрата за општа и компаративна книжевност - High Education Support Program (HESP), Будимпешта, во соработка со Универзитетот "Нова Сорбона", Париз 3, 2001-2004 г.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Д-р Шелева активно и континуирано соработувала со повеќе (академски, културни, невладини) институции, а учествувала на симпозиумите, собирите и останатите активности на: Факултетот за драмски уметности; Истражувачкиот центар за родови студии при институтот Евро-Балкан (каде што избрана и за член на Академскиот борд); потем, со 359* - мрежата за локална и субалтерна херменевтика; како и со повеќе списанија од областа на литературата и културата, со културните редакции на МТВ, со Кинотеката на Македонија, и други културни и јавни институции. До сега имала повеќе јавни настапи, учествувала на многу трибини и тркалезни маси, промоции и литературни вечери.

Била координатор на Симпозиумот на СВП "Без прогонство, кој сум јас?", одржан во Струга, август 2007, каде што како почесен гостин настапил Махмуд Дарвиш.

Во текот на 2001 година, била член на **жири-комисијата** за доделување на наградата "Роман на годината", каде ја доделува "Утрински весник", како и член на жири-комисијата за доделување на Рациновото признание за проза.

Била член на **жири - комисијата** за доделување на наградата "Браќа Миладиновци" за 2005 при Струшките вечери на поезијата.

Била член на меѓународното жири за наградата "Балканика" во два мандата - во Софија, 9 ноември 2007 и Скопје, 5 октомври 2008 г.

Била избрана за претседател на Комисијата за култура за доделување највисоката републичка награда "11 Октомври" за 2004 год.

Во 2005 година е била избрана за **уредничка** на регионалното списание за литература и култура **"Sarajevske sveske"**, кое се печати во Сараево.

Автор е на изборот и аналитичкиот текст за македонската поезија од 1990 до 2007, во тематскиот број на списанието "Sarajevske sveske", бр. 15-16, 2007 г.

Била поканета на Хрватската национална телевизија, како учесник во дебатната емисија "Balkan-zasto ga ne vole", заедно со д-р Иван Чоловиќ, Latinica, ХТВ, 5 мај 2008 г.

Добитник е на наградата за посебен придонес во македонската есеистика на списанието "Корени", Куманово, 19 јуни 2007.

## **Учество на конференции,и научни собири**

( во периодот 2004 – 2008 година)

Во текот на последните **4** години, д-р Шелева настапила на **22** собири, тркалезни маси, симпозиуми и трибини, во организација на академски институции (МАНУ, Филолошки факултет, Институт за книжевност, институт "Евро-Балкан), културни установи и асоцијации (Хрватско друштво писаца, Сајам књиге–Пула, Београдски круг) и невладини институции од областа на културното дејствување (Медиацентар Сараево).

1. На Првата балканска родова конференција "Nevolje sa Balkanom", со рефератот "Балканот како нулти степен на Европа", Сараево, 1-3 ноември 2004
2. На тркалезната маса на ПЕН "Заедничкиот живот и литературата", како модератор, Скопје, НУБ, 3 март 2005

3. На меѓународниот собир: "Македонскиот расказ, со рефератот: "Расказност и домовност", Институт за македонски јазик, Скопје, 13 мај 2005
4. На научната дискусија на Семинарот за македонски јазик, со рефератот "Урбаноста во македонската лирика", Охрид, 17 август 2005
5. На Регионалната конференција на ПЕН, "Писателот во(н) татковината", со рефератот: "Писателот како туѓинец", Охрид, 22 септември 2005
6. На меѓународниот собир "Балканската слика на светот", со рефератот "Македонија во 'Имагинарниот Балкан' од Марија Тодорова", МАНУ, Скопје, 5 и 6 декември 2005
7. На симпозиумот на "Скомрахи": Театарот и кризата на идентитетот, со рефератот "Пост-идентитети", ФДУ, Скопје, 29 март 2006
8. На симпозиумот на СВП - "Песна- слика", со рефератот "Тајниот пејсаж од недоречени зборови", Струга, 25 август 2006
9. На Научната дискусија на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, со рефератот "Дискурсот Исток-Запад во македонскиот современ роман", Охрид, 29 август 2006
10. На симпозиумот "Компаративните студии денес", 25 години ОКК, со рефератот "Невдоменоста како компаративистички концепт", Скопје, 12 октомври 2006
11. На симпозиумот "Антиката и европската наука и култура", 60 години Институт за класични студии, со рефератот "Антиката и философијата на културата на М.Бахтин", Скопје, 21 ноември 2006
12. На научниот собир: "Балкан (на границите на Европа)", како воведничар, Шести меѓународен семинар "Транзициска правда", во соработка со Белградски круг, ЦЗКД-Белград и ФИООМ, Точка, Скопје, 26 ноември 2006
13. На симпозиумот 50 години "Дождови" од М.Матевски,со реферат "Свет што трча по зборот", Скопје, МАНУ, 6 декември 2006
14. На симпозиумот на СВП "Без прогонство, кој сум јас?",со рефератот "Махмуд Дарвиш - креативна херменевтика на прогонството", Струга, 24 август 2007
15. На сесијата: Теорија и примена на постколонијалната критика, во рамките на меѓународната конференција:"Преведувајќи ја себноста: културни идентитети и разлики", како модератор, ЕвроБалкан, Скопје, 27 јануари 2007
16. На дебатата "Родови стереотипи во медиумите во Македонија", со рефератот "Комодификација на женското тело ", Скопје, Мултимедија, Скопје, 5 и 6 јуни 2007
17. На трибината на Хрватското друштво на писатели "Регионалната соработка и европската ориентација", како претседател на Независните писатели на Македонија , Загреб, 29 септември 2006
18. На работилницата "Родови и сексуални политики", со рефератот "Родовите политики во текстот", Скопје, ЕвроБалкан, 26 декември 2006
19. На трибината на Независните писатели и Сарајевске свеске "Мултикултуралноста во Македонија во светлина на ЕУ

перспективите", како воведничар, културен центар "Точка", Скопје,15 октомври 2007

20. На симпозиумот на МАНУ "Меморија и интерпретација", со рефератот "Романот како философија на сеќавањето", Скопје, 16-17 ноември 2007
21. На трибината на Саемот на книгата во Пула "Drugi Balkan", со реферат "Balkan - zasto ga ne vole", Пула, 10 декември 2007
22. На научната дискусија на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, со рефератот "Писмо од чекори", Охрид, 25 и 26 август 2008

## Објавени трудови

(во периодот 2004–2008 година)

Во домашните и странските стручно-научни и културни публикации (на српски/хрватски, словенечки, англиски јазик) во периодот од 2004 до 2008 година, д-р Шелева објавила повеќе од 22 библиографски единици и 2 одделни книги.

1. Сеќавања од иднината (каталог за изложбата на арх. Слободан Живковски), во: Наше писмо, Скопје, бр. 54, октомври 2004
2. Сликата на телото, телото на сликата (предговор кон монографијата "Македонија-богатството на светот"), Лист, Скопје, 2005
3. Медитеранот – заводливата семиотика на средиштето, во: Спектар, Скопје, бр. 43/44, 2004 г.
4. Родовите во транзиција; прилог во Зборникот: Македонија во транзиција, ФИИООМ, Скопје, 2005
5. Степенување на параноидниот ум (поговор кон драмата "Кој е следниот" од З. Џокиќ), Три, Скопје, 2005
6. Преселничката равенка на писмото, во: Наше писмо, бр. 55, 2005
7. Жестокиот ракопис на Југот (каталог за изложбата на Драган Мијач Бриле), Охрид, Куќа на Робевци, 28 април 2005
8. Balkan as Zero Point of Europe, in: Macedonian PEN Review, 2004
9. Кога песната доаѓа "ненадејно како смртта" (Ј.Ивановски: Двоен албум), во: Наше писмо, бр. 56, 2005
10. Imagologija granice u makedonskoj literaturi, in: Mostovi, Beograd, br.129-130,2005 god.
11. Слепата точка на балканизмот, во: Наше писмо, бр. 59, 2006
12. Jednacina pisma selica, Sarajevske sveske, br.16 , 2006
13. Луцидниот ерос на хуморот (Е. Лафазановски: "Храпешко"), Синтези, лето, 2006
14. Философија на од/домувањето, есеј за конкурсот: Татковата куќа, Корени, Куманово, бр. 21-22, 2007
15. Kome je i kakva pesma oporuka (makedonska poezija i tranzicija), Sarajevske sveske, br.15/16, 2007

16. Domovina-rodna gruda-tujina, in: Apokalipsa, Ljubljana,st. 106, 2006
17. **Balkan as Zero Point of Europe, in: Nethra, *International Centre for Ethnic Studies*, Colombo, n. 2, 2006**
18. Кога куќата постанува птица", портрет на Ефтим Клетников, Велестовски средби, Охрид,17 август 2007, објавен во "Синтези", бр. 8, 2007
19. Љубовта како биографија и татковина (во романот "Снегот над Казабланка" од Кица Барџиева-Колбе), Синтези, бр. 8, 2007 г
20. Невдоменоста како компаративистички концепт, во: Контекст, Скопје, бр. 5, 2007
21. People and Addressess, The Best of Sarajevo Notebook, n. 18, 2008
22. Literatura kao ceznja za sjecanjem, Sarajevske sveske, Sarajevo, br. 19-20 , 2008 god.

**Објавени книги**

1. Дом/идентитет, Магор, Скопје, 2005.

* * * *

Од изложените податоци не е тешко да се заклучи дека периодот од изборот за вонреден професор (2004 г.) до денес (2008 г.) беше мошне богат и содржаен во наставно-научната и стручната активност на кандидатката.

Тоа го потврдува бројот на нејзините учества на симпозиумите и научните конференции во овој интервал, кои во поголем дел имаат меѓународен карактер.

Притоа неодминлив е фактот за нејзината мисловна и научна компатибилност со водечките светски струења во сферата на книжевната теорија и методологија, компаративната книжевна наука, интердисциплинарните студии, културологијата.

Библиографијата на д-р Шелева од овој период опфаќа 23 прилози, објавени во периодиката, како и една авторска книга, под наслов „Дом/идентитет" (2005), која ѕi демонстрира нејзината творечка зрелост и способност најсложените актуелни теориски методи и идеи, да ги елаборира и примени врз појавите и личностите од современата македонска литература и култура, како во регионалниот балкански, така и во поширокиот европски контекст.

На тој начин, оваа книга содржи идеи за натамошна афирмација на книжевната теорија и компаративната книжевна наука кај нас, во дослух со актуелните дострели на културолошката теорија, поврзани особено со проблематиката и промислувањето на културниот идентитет.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на погореискажаното, можеме да заклучиме дека со својата наставно-научна дејност, со ангажманот во научната и културната сфера, кандидатката ги исполнува законските услови да биде избрана во звањето, за кое конкурира.

Со оглед на тоа, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му предложиме да ја избере д-р Елизабета Шелева во звањето редовен професор по предметот tеорија и методологија на проучувањето на литературата 5,6, 7 и 8.

Скопје

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

6.11.2008

Акад. Милан Ѓурчинов, с.р.

Акад. Ката Ќулавкова, с.р.

Акад. Влада Урошевиќ, с.р.

Бр. 02-543
16.12.2008

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и бр. 103/2008), Универзитетскиот сенат, на 4. седница одржана на 16.12.2008 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

Д-р Маја Бојаџиевска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Филолошки факултет „Блаже Конески", се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Филолошки факултет „Блаже Конески" по предметите компаративни поетики 1,2,3,4,7 и 8 и книжевност и антропологија 1.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Маја Бојаџиевска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Филолошки факултет „Блаже Конески" и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Гордана Богоева - Гацева**

ДН:
- Филолошки факултет „Блаже Конески"
- Д-р Маја Бојаџиевска

Република Македонија
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ

| Примено: | 0-8 -01- 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 04 | 724/9 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 948
Скопје, 15 септември 2008 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ И КНИЖЕВНОСТ И АНТРОПОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата 19 редовна седница, одржана на 23.06.2008 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" нé избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Маја Бојаџиевска за избор во звањето редовен професор по предметите *компаративни поетики и книжевност и антропологија*. По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 16.06.2008 година во весникот "Дневник", се пријави кандидатката д-р Маја Бојаџиевска, вонреден професор при Катедрата за општа и компаративна книжевност.

### 1. **Биографски податоци**

Маја Бојаџиевска е родена на 25 мај 1963 година во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, на групата општа и компаративна книжевност, во 1985 година. Во 1986 година била примена како приправник-стажант, во 1987 година била избрана за помлад асистент, а во 1993 за асистент на Катедрата за општа и компаративна книжевност.

Постдипломските студии ги завршила на Филолошкиот факултет во Белград, на отсекот наука за книжевноста и компаративна книжевност. Во 1993 година ја одбранила магистратурата на Филолошкиот факултет во Белград со тема: "Митолошко-симболичките основи на романите на Славко Јаневски".

Во учебната 1995/96 година била на студиски престој на Универзитетот Paris-Nord, во Париз, Франција. Во 1997 ги продолжува докторските истражувања како стипендист на Темпус-Фаре програмата за индивидуална мобилност. Докторската дисертација на тема: "Митот за андрогинот и романот на XX век: Вирџинија Вулф и Роберт Музил", изработена под менторство на акад. проф д-р Влада Урошевиќ, ја одбранила во 1998 година. Во истата година била избрана за доцент при Катедрата за општа и компаративна книжевност каде што држала предавања по предметите увод во книжевност 1 и 2 и општа и компаративна книжевност (роман на XX век).

Во 2002 и во 2004 година остварила неколкумесечен студиски престој во Париз, на Катедрата за компаративна книжевност, Универзитетот Париз III (Nouvelle Sorbonne). Од 2003 до 2008 е вонреден професор при Катедрата за општа и компаративна книжевност, а од 2005 до 2007 шеф на истата Катедра.

## 2. Наставно-научна дејност

Од изборот во звањето вонреден професор, д-р Маја Бојаџиевска пројавува висок степен на ангажираност, вложувајќи напори во процесот на иновирање на наставните планови и програми, како и на осовременувањето на наставната методологија според европските стандарди. Таа со успех ги применува искуствата на тој план, со кои се здобила во текот на своите студиски престои во странство и преку соработката на Катедрата за општа и компаративна книжевност со соодветните катедри на универзитетите во други земји. Содржините на курсевите што таа ги држи во рамките на

предметите *компаративни поетики* (1,2,3,4,7 и 8) и *книжевност и антропологија* се дизајнирани, и во содржинска и во методолошка смисла, во согласност со современите текови на светската компаратистика. Со оглед на комплексноста на наставните содржини (теорија на митот и магијата, митски обрасци во древните книжевности, симболи и теорија на симболот, анализа на репрезентативните текстови на старите ориентални книжевности, анализа на репрезентативните романескни модели на XX век), проф. Бојаџиевска во наставата го применува мултидисциплинарниот пристап, успешно балансирајќи ги класичните и современите сознанија на книжевната историја и наука, компаративната историја на религии, антропологијата и психологијата. Благодарение на нејзините залагања и применување на адекватните пристапи кон материјата што ја предава, студентите стекнуваат мошне широки знаења од доменот на науката за литературата, како и од повеќе други соседни области.

Во периодот од изборот за доцент до денес, проф. Бојаџиевска ги објавила следниве книги:

1. *Андрогин, утопија на совршениот пол (митокритички есеј)* (Скопје, Сигмапрес, 1999)
2. *Мит, книжевност, идентитет,* Скопје, Сигмапрес, 2002)
3. *Роман (статус, толкувања, перспективи),* (заедно со проф. Славица Србиновска),Скопје, Сигмапрес, 2004.
4.*Пишувањето во среден род (цинични есеи),* Скопје, Сигмапрес, 2007.

Во книгата *Андрогин, утопија на совршениот пол (митокритички есеј)* (1), проф. Бојаџиевска се занимава со анализата на еден фундаментален митски образец во неколку репрезентативни романи на XX век, преку методите на митокритика и митоанализа, востановени од францускиот антрополог Ж. Диран, покажувајќи ја не само нивната теориска вредност туку и нивниот хеуристички потенцијал во толкувањето на најзначајните романескни остварувања на XX век.

Книгата *Мит, книжевност, идентитет* (2) во својата целина опфаќа неколку позначајни научни студии на Бојаџиевска, кои ги резимираат нејзините повеќегодишни истражувања посветени на поврзаноста на митот и книжевноста, на различните митски инскрипции во книжевноста (нивната обусловеност, мотивација и заднина), како и на литературните и културните консеквенции на таквите процеси. Корпусот за анализа во оваа книга е претежно поврзан со дела од македонската книжевност. Книгата под наслов *Роман (статус, толкувања, перспективи)* (3) е еден вид хрестоматиска публикација, замислена како "полилог на интерпретации" со уводна студија во коавторство со проф. С. Србиновска. Во оваа публикација, Бојаџиевска повторно своето внимание го свртува кон *жанрот роман*, во една сложена операција на анализа и реконтекстуализирање на различни методолошки ориентации во толкувањето на романот. Четвртата книга *Пишувањето во среден род (цинични есеи)* (4) опфаќа неколку научни трудови и есеи чија тематска насоченост допира повеќе области. Тука проф. Бојаџиевска повторно се занимава со митолошките обрасци во древните ориентални книжевности, но во еден поширок антрополошко-филозофски круг. Во втората група текстови би можеле да ги сместиме оние што се занимаваат со анализата на дел од корпусот на македонската народна книжевност, како и оние истражувања што се занимаваат со теориите на родот и родовите идентитети.

Во своите научни трудови и од едната и од другата група, д-р Маја Бојаџиевска покажува едно мошне високо ниво на упатеност во тенденциите што постојат во овој миг на науката за книжевноста. Тие текстови се пишувани со продлабочен и аналитичен пристап, со помош на кој авторката ги толкува во книжевните дела и феномени слоевите што не се видливи при првичното запознавање на текстот. Применувајќи ги постапките на митокритиката и митоанализата, д-р Бојаџиевска ги осветлува скриените значења на многу дела, како од древните литератури така и од литературата на XX век. Притоа, опремена со еден научен апарат, кој се потпира врз сознанијата добиени од повеќе области на проучувања, д-р Бојаџиевска ги

донесува своите истражувања до резултати во кои постои значајна доза на самостојност и оригиналност.

## 3 Учество на научни собири и проекти

Покрај посебните публикации, во извештајниот период, проф. Бојациевска имала забележително учество во повеќе домашни и меѓународни проекти:

**2000**, проект *Литературен експрес 2000*

**2000-2002** Истражувања од областа на родовите студии (институт Евро-Балкан, Скопје)

**2002**, учествува во тимот за изработка на нов курикулум за предметот компаративна книжевност (III и IV година средното образование)

**2001-2004** Проект: ХЕСП - Нови курикулуми за компаративни книжевни студии (Катедра за компаративна книжевност, Филолошки факултет, Скопје во соработка со Катедра за компаративна книжевност, Нова Сорбона, Париз III.)

**2003**, проект *Жените во културата* (заедничка публикација: Женските гласови во поезијата на транзицијата, Софија СОНМ, 2003)

**2006**, проект *Жените во културата* (заедничка публикација: Женската хуманистика во Бугарија, Србија и Македонија, Софија, СОНМ, 2006)

**2004-2007**, Книжевен појмовник (проект на МАНУ)

Својата активност д-р Бојациевска ја пројавила и низ учество во неколку семинари, симпозиуми и конференции:

- Прв семинар за родови студии (ноември, 1999, Скопје).
- Симпозиумот "Стратегии за родови/женски студии во Југоисточна Европа - македонскиот случај" (декември, 2000, Скопје).

- Симпозиумот "Културен идентитет - разлика во себе" (март-април 2002, Скопје.

- "The Role of the 'Curse' in Macedonian Oral tradition," *International Conference "Advances in Oral Literature Researh"* Belgrade, 24-26 November, 2006, Faculty of Philology, University of Belgrade. (меѓународна конференција, Зборникот е во обработка во форма на е-книга).

- "Lives in Translation" (South-Eastern European Diaspora Writing before and after 1990), Groningen Research School for the Studdy of Humanities, April, 2008.

Како шеф на Катедрата за компаративна книжевност и член на Друштвото за компаративна книжевност, Бојаџиевска била учесник и коорганизатор на следниве конференции и научни работилници:

- *Реалност, фикција, идентитети* (Скопје, 2004).
- *« Léopold Sédar Senghor, en toute liberté »* : меѓународен колоквиум за Сенгор, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2006).
- Симпозиум по повод јубилејот *25 години од основањето на Катедрата за компаративна книжевност* (Скопје, 2006).
- *Метаморфози и метатекстови* (научна работилница, Филолошки факултет/Филозофски факултет, Скопје, 2007).

Во изминатиот период, д-р Бојаџиевска објавила, исто така, и преводи на повеќе текстови од други јазици, меѓу кои неколку се во обем на книги:

- Миглена Николчина: *Смисла и мајкоубиство*, Скопје, Сигмапрес, 2000.
- А. Р. Редклиф - Браун: *Структура и функција во примитивното општество*, Скопје, Сигмапрес, 2001.
- Дубравка Угрешиќ: *Забрането читање* (есеи), Скопје, Сигмапрес, 2002.
- Дубравка Угрешиќ: *Министерство на болката* (роман), Скопје, Сигмапрес, 2006.

- Јулија Крстева: *Речта, дијалогот и романот* (електронско списание *Mirage*, 1.)

- Жан-Пјер Вернан: *Едип без комплекси ( електронско списание Mirage, 1).*

- Жилбер Диран: *Симболичка имагинација*, Скопје, Сигмапрес, 2005.

**4. Други активности во професионални тела и асоцијации:**

- член на Друштвото на компаратистите на Македонија

- член на Македонскиот П.Е.Н. цента

- член на Програмскиот комитет на женската програма на ФИОО Македонија (2000-2004)

- член на Академскиот борд на Истражувачкиот центар за родови студии (2000-2002)

- претставник на Извршниот одбор на Хелсиншкиот комитет за човекови права – Македонија (2001-2006)

- учесник во проектот на Unicef: "Child Friendly Schools" – анализа и проценка на родовата компонента (2006)

- главен уредник во издавачката куќа "Сигмапрес", Скопје

**5. Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесеното, може да се констатира дека д-р Маја Бојаџиевска е афирмиран научен работник, кој има своја област на истражувања во која остварува видливи резултати. Нејзините објавени научни трудови се сериозни студии кои настанале како плод на запознавање со една мошне богата примарна и секундарна литература, но и на сопствените сознанија, до кои д-р Бојаџиевска дошла во текот на своите истражувања. Истовремено, таа во својата досегашна наставна практика покажала

несомнени способности за квалитетно изведување на наставната работа. Поаѓајќи од се во ова Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката исцело одговара на барањата што ги поставува Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и предлага д-р Маја Бојаџиевска да биде избрана во звањето **редовен професор** по предметите *компаративни поетики* и *Книжевност и антропологија*.

Скопје, 8 јули, 2008

Членови на Рецензентската комисија

1. Акад. д-р Влада Урошевиќ, редовен професор, с.р

2. Акад. д-р Ката Ќулавкова, редовен професор, с.р.

3. Д-р Ранка Грчева, редовен професор, с.р.

Бр. 02-543
16.12.2008

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и бр. 103/2008), Универзитетскиот сенат, на 4. седница одржана на 16.12.2008 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

Д-р Славица Србиновска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Филолошки факултет „Блаже Конески", се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Филолошки факултет „Блаже Конески" по предметите теорија и методологија на книжевноста 3,4,5 и 6, компаративни поетики 7 и 8 и книжевност и антропологија 2.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Славица Србиновска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Филолошки факултет „Блаже Конески" и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски**

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Гордана Богоева - Гацева**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ДН:
- Филолошки факултет „Блаже Конески"
- Д-р Славица Србиновска

Република Македонија
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ

| Примено: 08-01-2009 | | |
|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прил. |
| 04 | 725/10 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 950
Скопје, 15 октомври 2008 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА 3,4, 5 И 6, КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ 7 И 8, И КНИЖЕВНОСТ И АНТРОПОЛОГИЈА 2, НА КАТЕДРАТА ЗА ОПШТА И КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата четиринаесетта редовна седница одржана на 23.6.2008 година, избра Рецензентска комисија во врска со Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за предметите: теорија и методологија на книжевноста 3, 4, 5 и 6, компаративни поетики 7 и 8 и книжевност и антропологија 2 на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Рецензентската комисија е во состав: акад. Ката Ќулавкова, редовен професор, акад. Милан Ѓурчинов, редовен професор и акад. Влада Урошевиќ, редовен професор.

По разгледувањето на поднесената документација и конкурсниот материјал добиен од Деканот на Филолошкиот факултет, Рецензентската комисија одлучи на Наставно-научниот совет на Филолошки Факултет "Блаже Конески", да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот на Филолошкиот факултет објавен во дневниот весник *Дневник* од 16.6.2008, се има пријавено д-р Славица Србиновска, вонреден професор по предметите теорија на книжевноста, методологија на проучувањето на книжевноста и општа и компаративна книжевност на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Разгледувајќи ги поднесените документи во склоп на пријавата на д-р-р Славица Србиновска за избор во звањето редовен професор, Рецензентската комисија го констатираше следново:

### 1. Професионални биографски податоци за кандидатката

Славица Србиновска е родена во Скопје, Република Македонија, на 31.1.1963 година. Основно и средно образование има завршено во Скопје. На студиите по општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје се запишала во 1981 година, з дипломирала во 1985 година. Постдипломските студии ги следи на Филолошкиот факултет во Белград, на Отсекот за општа книжевност и наука за книжевноста, каде што во 1994 година ја брани магистерската теза под наслов "трансформации на книжевно-теорискиот поим гледна точка од Хенри Џејмс до современите наратолошки теории", под менторство на проф. Драган Стојановиќ. Има докторирано на Катедрата за општа и компаративна книжевност, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје,

1998, на темата "Видови на фокализација во романот", под менторство на проф. Ката Ќулавкова.

Својата универзитетска кариера д-р Славица Србиноска ја започнала непосредно по дипломирањето, кога во 1986 год. е избрана за стажант по предметот теорија и методологија на проучување на книжевноста при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Во 1987 година е избрана за помлад асистент на истиот предмет, теорија и методологија на проучувањето на книжевноста, а во 1994 година е избрана за асистент на истиот предмет. Во јануари 1999 година, непосредно по докторирањето, таа е избрана за доцент по теорија на книжевноста, методологија на проучувањето на книжевноста и општа и компаративна книжевност. Во 2004 е избрана за вонреден професор по предметите теорија на книжевноста, методологија на проучувањето на книжевноста и општа и компаративна книжевност.

## 2. Наставно-образовна дејност на кандидатката во периодот меѓу двата избра

Во периодот меѓу двата избора, д-р Славица Србиновска одржува настава на предметите за коишто е бирана, а поточно се фокусира на наставните содржини од задолжителниот предмет теорија на книжевноста од третиот до шестиот семестар, за студентите од двете насоки на Катедрата за општа и компаративна книжевност компаративни книжевни студии и наставна насока, потем на курсевите Поетика на усната книжевност во контекст на современата европска книжевност/култура и Идеологијата на популарната/„народната" книжевност и култура, во рамките на предметот компаративни поетики, за студентите во третиот и во четвртиот семестар од студиите.

Се наметнува констатацијата дека во областа на предметот теорија на книжевноста и методологија на проучувањето на книжевноста 3,4,5 и 6, д-р Славица Србиновска покажува особен интерес спрема аспектите на рецензијата на книжевноста и интермедијалните и интердискурзивните релации меѓу книжевноста и филмост, односно меѓу книжевноста и културата, меѓу книжевноста и идеологијата, како и родовите аспекти на книжевноста. Така, нејзините курсеви се така конципирани што го нагласуваат интересот за функционирањето, влијанието и рецепцијата на книжевноста во контекстот на културата, идеологијата и политиката, потоа ги актуализираат аспектите на адаптацијата на книжевниот во филмски/визуелен медиум, како и аспектите на родовите студии во областа на книжевноста. Поради ваквиот интерес, вонреден професор д-р Славица Србиновска практикува настава која постепено се оддалечува од основите на теоријата на книжевноста и се фокусира врз одредени методолошки концепции и пристапи во приемот на книжевноста во социо-културен контекст. Нејзините курсеви се комплементарни и видливо е надополнувањето на нејзиниот доминантен културолошки и родов пристап на перцепција на книжевноста од еден до друг курс. Тоа е, впрочем, евидентно и од нејзините куси наставни програми приложени и кон пријавата за овој конкурс: (1) корелациите меѓу медиумот на усната/оралната книжевност и народна/колективна традиција и

писмената/пишувана уметничка/индивидуална книжевност, на коишто им соодветствуваат соодветни кодирани модели и принципи на структурирање, на функционирање и на рецепција/потрошувачка; (2) корелациите меѓу популарните видови народна книжевност во минатото и денес и идеолошко – политичките констелации во општеството, со интерес за облиците на т.н. висока и ниска книжевност и култура, аспектите на современата европска култура, аспектите на масовната култура, (3) аспектите на фикцијата во општ контекст, кој ги посетува во фокусот на наставниот интерес двата носечки фикционални жанрови или дискурси на книжевноста – раскажувачкиот и драмскиот, со доминација на раскажувачката фикција, при што студентите се едуцираат за разликите меѓу фикционалните и нефикционалните дискурси и за аспектите на мимесата и диегезата, односно за односите меѓу стварноста и нејзиното книжевно фикционално претставување, при што веќе се најавува нејзиниот доминантен интерес за односите меѓу медиумот на книжевноста и на филмот; (4) методолошките аспекти на естетиката и теоријата на рецепцијата во проучувањето на фикцијата и поместување на преден план на субјектот и позицијата на читателот и на читањето; (5) поетика на романот и филмот во рамките на предметот компаративни поетики во 7. и 8. семестар, кога се проучуваат, интерактивно, аспектите на книжевноста и филмската нарација и презентација, при што е покажан интересот за визуелната презентација и адаптација на нарацијата во филмскиот медиум; (6) аспектите на „човечкото тело како центар и децентрирано место на културата" во филмскиот и во романскиот медиум при што се анализираат родовите аспекти на романот и на филмот; (7) интеркултуралните и мултикултуралните аспекти низ примери од книжевноста, со особен интерес за прашувањето на идентитетот и на другост во современото општество.

Се наметнува констатацијата дека наставните содржини и методи што ги применува д-р Славица Србиновска ставаат на втор план некои суштествени аспекти на теоријата и методологијата на книжевноста, дека не се почитува доволно принципот методичност/пристапност во усвојувањето на наставните содржини, затоа што, имено, студентите уште од третиот семестар започнуваат да ја проучуваат книжевноста низ културолошки аспекти кои претходно не се втемелени врз соодветна теориско-методолошка база (тоа се однесува на наставата во областа на теоријата на нарацијата, но и во областа на поетиката и усната книжевност која уште во старт се контекстуализира идеолошки и културолошки, пристап кој би бил препорачлив за постдипломски и докторски студии и специјализации, но не и ца студентите од втора и од трета година на додипломската настава.

Освен тоа, во користената литература за наставата недостасуваат некогаш најреферентните дела во областа, на пример, на поетиката на усната книжевност (Арон Гуревич, Паул Зумтор и др.).

Од март 2008 година, д-р Србиновска е ангажирана со настава по едносеместралниот изборен предмет, а всушност изборен курс "Книжевност и антропологија", кој претставува адаптација на предметот

антропологија, што до март 2008 година за студентите од општа и компаративна книжевност го држеше проф. од Филозофски факултет, чија специјалност е антропологијата (проф. д-р Слободанка Марковска). Во врска со оваа наставна материја Комисијата е на мислење дека тој треба да биде вграден во програмата во рамките на предметот компаративни поетики, за којшто д-р Србиновска е бирана. Во рамките на наставните содржини по овој курс, де факто се обработуваат аспекти на книжевноста кои се веќе предмет на интерактивна наставна анализа во другите курсеви – "интеркултуралноста во сферата на глобалните текови кои ја карактеризираат и македонската средина како мултикултурно општество, категориите на културниот идентитет, субјект, вредност, хуманост, насилство, моќ, дијаспора, носталгија, другост".

И наставните содржини на специјалните курсеви што д-р Србиновска ги има најавено во своите наставни програми по антропологија и книжевност се фокусирани на истиве аспекти на културата: повторно политика и поетика, повторно идентитет и алтеритет во книжевноста и културата, со што се редуцира научната и едукативната перцепција на проблематиката на антрополошките теории и студии.

Д-р Србиновска изведува настава и во рамките на постдипломските студии на насоката наука за книжевноста, каде што во 2004/2005 и 2007/2008 држи настава по курсот "Интерпретација: субјект, книжевност, култура", со што, всушност, продолжува со елаборација на содржините поврзани со културолошките и интермедијалните аспекти на книжевноста и на филмот.

Во изборниов период д-р Србиновска е избрана за ментор на магистерските тези на Сенка Анастасова, Жарко Којунџиски, Мерсиха Исмајловска и Весна Крстеска. Била член и на неколку комисии за магистерски и докторски тези.

### 3. Научноистражувачка дејност на кандидатката во периодот меѓу двата избора

Во периодот меѓу двата избора, д-р С. Србиновска се има ангажирано на два значајни научноистражувачки проекти што ги изведува Македонската академија на науките и уметностите под раководство на акад. Ката Ќулавкова *(Балканска слика на светот и Книжевнотеориски поимник)*.

Освен тоа, таа била вклучена и во проектот на Културно-информативниот центар "Точка" (2006) – "Помеѓу фикцијата и стварноста", посветен на статусот на балканскиот писател во контекст на проблематиката на фикцијата, стварноста и идентитетот во почетокот на 21 век во балканскиот регион.

### 4. Други активности на кандидатката во периодот меѓу двата избора

Д-р Србиновска во изборниов период била одговорен уредник во издавачката куќа "Сигмапрес" од Скопје, претседател на одборот за постдипломски студии на насоката наука за книжевноста и шеф на Катедрата за општа и компаративна книжевност.

**Заклучок и предлог на Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет**

Врз основа на изнесените оценки во текстот на оваа рецензија, Рецензентската комисија во состав: акад. Ката Ќулавкова, редовен професор, акад. Милан Ѓурчинов, редовен професор и акад. Влада Урошевиќ, редовен професор, му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, да ја избере д-р Славица Србиновска во звањето редовен професор по предметите теорија и методологија на книжевноста 3,4, 5 и 6 компаративни поетики 7 и 8, и книжевност и антропологија 2, на Катедрата за општа и компаративна книжевност.

**Рецензентска комисија**

1. Акад. Ката Ќулавкова, ред. проф.,с.р.
2. Акад. Милан Ѓурчинов, ред. проф,с.р.
3. Акад. Влада Урошевиќ, ред. проф.,с.р.

**Прилог кон Рефератот:**

Преглед на објавени трудови:

**Авторска студија:**

Србиновска, Славица. *Субјект, книжевност, култура (херменевтика и теорија на книжевноста и културата),* Скопје, Сигмапрес, 2006.

**Коавтор:**

(Во коавторство со д-р Маја Бојаџиевска). *Роман, статус, толкувања, перспективи,* Скопје, 2004.

**Приредувач:**

Живко Чинго. *Пасквелија* (избор раскази), книга 34, проект МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ , 2008.

**Селективен избор на објавените трудови на Славица Србиновска:**

„Адаптација на македонскиот роман во филмот", *50 години од македонскиот роман,* Институт за македонска литература, Скопје, 2004, 133-152.

„Субјект, меморија, текст". *Дијалог на интерпретации,* Скопје, 2005, 211-244. Приредила: Катица Ќулавкова.

„Балканската гледна точка врз поимите *знаење* и *моќ* во дискурсот на современата култура" во *Балканската слика на светот,* приредила: Ката Ќулавкова, Скопје, 2006, МАНУ, 355-377.

„Политики и практики на дисциплинирание на тялото" во *Гласове.* Нова хуманистика от балкански авторки. Издателство Сонм, 2007, 120-141. Превод от македонски: Татяна Ническа. (прир. Милена Кирова)

„Наратологијата и теоријата на визуелната култура" во *Компаративните студии денес,* Книжевен контекст ( компаратистиката пред предизвикот на денот), Институт за македонска литература, Скопје, 2007, 73-80.

**Трудови презентирани или подготвени за меѓународни научни собири (во земјата и во странство):**

"Identity of the Balkans created through the perspective of the *Others,*" in *The Politics of Identity,* ASCA Conference, Amsterdam, March 24-26, 2004, 117-123.

„Современите рефлексии за улогата на 'гласот' и 'тишината' во поезијата на Ацо Шопов," XXX научна конференција, Охрид, 11-13 август 2003. Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Меѓународен семинар за македонски јазик литература и култура, 2004, 513-532.

„The Space of differences: Constructing Imagest through Multicultural Dialogue", Conference on *Rethinking Culture and Literature: Transnational and Comparative Spaces,* the Department of Literary and Cultural Studies at the Faculty of Modern Languages, University of Latvia, November 1-3, 2002/ *Literatūrzinātne, folkloristika, māksla,* Latvijas Universitātes, 2004, 137-148.

„Романите на Слободан Мицковиќ во македонската литература на крајот на 20 век," XXXI научна конференција, Охрид, 16-17 август 2004. Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Меѓународен семинар за македонски јазик литература и култура, Скопје, 2005, 293-310.

„Вредноста на зборот во поезијата на Ацо Шопов," Меѓународен научен собир по повод 80-годишнината од раѓањето на Ацо Шопов, Скопје, МАНУ, 5-6 ноември 2003/ Скопје, 2005, 237-254.

"Making the identity through memory of the images and words", Conference on Historical Re/ presentation/ HISTORY IN WORDS AND IMAGES, held at the University of Turku, Finland, 26-28 September, 2002/ Department of History, University of Turku, 2005, 37-52. ISBN.951-29-2874 4/http://www.hum.utu.fi/historia/2000/.

"Between the Sound and the Silence," *ASCA Conference Sonic Interventions. Pushing the Boundaries of Cultural Analyses,*Amsterdam, March 29-31, 2005, 90-97.

„Големата вода на Живко Чинго и Иво Трајков во балканскиот културолошки контекст," XXXII научна конференција, Охрид 15-17 август 2005/ Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-, Меѓународен семинар за македонски јазик,литература и култура, Скопје, 2006, 305-322.

„Наратологијата и теоријата на визуелното," научна конференција *Компаративните студии денес* (Јубилеј 25 години од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност), Скопје, 24.10.2006.

*Мистичната суштина на Африка во поезијата на Леополд Седар Сенгор,* "Léopold Sédar Senghor, en toute liberté, Université Saints Cyrille et Méthode, Skopje, Macédoine, 20. 3.2006.

„Сеќавањата на Надежда Манделштам и нивната рецепција во македонската културна стварност," *Руско-македонски јазични, литературни и културни врски* (Материјали од Третата македонско-руска научна конференција, Охрид, 9-11 август 2001, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески," Скопје, 2006, 401-418.

"The Role of the 'Curse' in Macedonian Oral tradition", *International Conference "Advances in Oral LiteratureResearch,* Belgrade, 24-26 November, 2006, Faculty of Philology, University of Belgrade. (Зборникот е во обработка во форма на e-Book).

"Function of memoryin the Process of Identification", Sixth European Social Science History Conference (ESSHC), 25th March 2006, International Institute of Social History, Amsterdam, the Netherlands (http://www2.iisg.nl/esshc/programme).

„Филозофија на сликата и слика на филозофијата на субјектот во наративната структура на филмот *Mullholand Drive* од Дејвид Линч," *научна работилница* МЕТАМОРФОЗИ И МЕТАТЕКСТОВИ, 11 Мај 2007, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје.

„Дијалог на цивилизациите: односот помеѓу јапонската песна /танка/ и песните на Томислав Лазаревски, "XXXIX научна конференција, Охрид,28-29 август 2006/ Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2007, 205-212.

"Hermeneutic approach to the concepts of identity, power and their commitment in the discourse of contemporary philosophy," *Performing Identity/Crossing Borders,* The Cyprus Symposium, May 3-6, 2007. (http//research.tru.ca/cicac).

"Discourse of Neighbourhood and Barriers: Dialogue as an Experience of constant Movement in the 'In-between Culture," Conference on *Living in-between/Being in-between (Coridors of Meaning between binary Oppositions),* Girne American University, Cyprus, 25-27 April, 2008.

„Наративниот исказ и нарацијата во македонскиот роман и филм во контекст на европската историографска метафикција,"XXXV научна конференција, Охрид, 25-26 август 2006. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.

„Придонесот на Милан Ѓурчинов кон развојот на компаратистичкиот пристап во теоријата и историјата на романот", *Славистички студии,* Списание на Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" за 2004, Скопје, 2004, 255 -268.

„Конструкции и деконструкции: Мартин Хајдегер и Жак Дерида или за метафизиката, спознанието, перцепцијата и јазикот", Мираж 12 , јуни 2005 -www.mirage.com.mk (I дел).

„Конструкции и деконструкции: Мартин Хајдегер и Жак Дерида или за метафизиката, спознанието, перцепцијата и јазикот", Мираж 13 ,декември 2005 -www.mirage.com.mk (II дел).

**Д-р Србиновска има објавено и два превода на теориски студии:**

Мике Бал, *Шарен екран. Визуелно читање на Пруст.* Скопје, 2005, 303 стр. (Mieke Bal, *The Mottled Screen. Reading Proust Visualy,* Stanford University Press, 1997).

Жан Бесиер, „Историја на книжевноста и херменевтиката," во *Дијалог на интерпретации,* приредена од К. Ќулавкова, Жан Бесиер и Филип Дарос. Скопје, 2005, 27-60. 2005.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 20-10-2010
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
04 | 53417 | |

Бр. 02-580
14.9.2010 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/2010), Универзитетскиот сенат, на 26. седница одржана на 14.9.2010 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за избор на редовен професор

**Член 1**

**Д-р Лидија Капушевска-Дракулевска**, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, по предметот: компаративни поетики.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Лидија Капушевска-Дракулевска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Република Македонија Скопје

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:
- Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје
- Проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска

мм/ед

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Билтен број 988**
**Скопје, 15 јуни 2010 година**

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата шеста редовна седница одржана на 21.IV 2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Лидија Капушевска-Дракулевска на конкурсот, објавен на 9.IV 2010 година во весникот „Дневник", за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметот компаративни поетики (научна област: книжевност – општа и компаративна книжевност). Во врска со тоа, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Лидија Капушевска-Дракулевска е родена на 8. VII 1962 година во Штип. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Филолошкиот факултет во Скопје, група за општа и компаративна книжевност, се запишала во учебната 1981/82 година, а дипломирала на 1.X 1985 година со просечен успех 9,93.

По завршените студии на Филолошкиот факултет во Скопје, д-р Капушевска-Дракулевска завршила постдипломски студии на Филолошкиот факултет во Белград, насока: општа книжевност, каде што го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Фантастичниот расказ во македонската литература", на 17. XI 1992 година. Докторската дисертација под наслов „Модерните поетски струења во Европа и современата македонска поезија: симболистички и надреалистички импулси" ја одбранила на 27. VI 2000 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

На Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје работи од 1986 година, најнапред како стажант-приправник, потоа од 1987 како помлад асистент, од 1993 како асистент, од 2000 како доцент, а од 2005 како вонреден професор по предметот *компаративни поетики*. Веќе како доцент се вклучува и во наставата на постдипломските студии, насока: наука за книжевност.

Во изминатите години д-р Капушевска-Дракулевска вршела и многу други функции на Филолошкиот факултет: член на Наставно-научниот совет, секретар, заменик-шеф (2001-2003) и шеф на Катедрата за општа и компаративна книжевност (2003-2005), член на управата на Факултетот, член на комисијата за изготвување кредит-трансфер систем, за наставни планови и програми, за евалуација и самоевалуација, во неколку наврати - член на Централната комисија за упис на студенти, на пописни комисии на ниво на Факултетот и при Катедрата, уредник на електронското списание „Мираж", член на редакцискиот одбор на Годишниот зборник на

Филолошкиот факлултет, член на неколку комисии за магистерски и докторски одбрани, како и на најразлични други комисии и тела.

Била вклучена и во неколку научноистражувачки проекти при Катедрата за општа и компаративна книжевност, МАНУ, Факултетот за драмски уметности (Институт за театрологија), Институтот за македонска литература, Македонскиот ПЕН-центар и ФИООМ. Во рамките на тригодишниот проект ХЕСП што се реализираше на Катедрата за општа и компаративна книжевност во партнерство со Универзитетот „Сорбона Нова", Париз III, а под раководство на акад. д-р Ката Ќулавкова, остварила студиски престој на Универзитетот во Париз, и тоа во периодот: јануари-март 2003 и јуни 2004 година. Завршила и една обука за наставници за методите на критичко читање (Охрид, 2002).

Вршела и низа други вонфакултетски активности: била член на Управниот одбор на Струшките вечери на поезијата, надворешен член на Советот на Институтот за македонска литература и на Комисијата за државна матура по македонски јазик и литература при Бирото за развој на образованието во Р. Македонија, а во моментов е член на Комисијата за нострификација на дипломи при Министерството за образование на РМ. Учествувала на бројни книжевни промоции и други културни манифестации (Струшки вечери на поезијата, Македонски духовни конаци, СКОМРАХИ и др.), потем во работата на неколку жири-комисии за доделување на значајни книжевни награди, како на пример, наградата „Браќа Миладиновци" на СВП (2003), Рациново признание (2004) и наградата „Григор Прличев" за најдобра поема (2008), а била и рецензент на еден учебник (за компаративна книжевност) за средното реформирано образование (2004), но и на бројни ракописи за публикување, особено на дебитантски остварувања од млади, сè уште неафирмирани автори. Во периодот 2002-2004 година соработувала во љубљанско-белградското списание *Балканис*, кадешто има објавено серија рецензии за актуелни остварувања во балканските литератури.

Со свои реферати учествувала на многу меѓународни симпозиуми и конференции во земјава (Рацинови средби, Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и др.) и во странство (Будимпешта, Загреб, Москва и др.), а била и во државната делегација која учествуваше на Деновите на македонската култура во Шведска во мај 2005 година.

Член е на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија (ја вршела функцијата потпретседател во периодот 2004-2008), на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AILC/ICLA), на Друштвото на писателите на Македонија (од декември 2009), како и на Европската мрежа за компаративни истражувања (REELC/ENCLS).

## Дејности по изборот во звањето вонреден професор

### Наставно-образовна дејност

Од 2005 година д-р Лидија Капушевска-Дракулевска е вонреден професор по предметот *компаративни поетики* (курсеви: поетика на романтизмот, поетика на фантастичниот расказ, поетика на симболизмот, модернистички поетики на 20 век и поетика на постмодерната) на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Во текот на овој период ја започнува и

наставата по спец-курсевите: поетика на несознајното и литературата и градот, а во учебната 2009/2010 Катедрата ѝ ја доверува наставата по предмет за кој не е бирана – *македонска книжевност во компаративен контекст* 1 и 2.

Вклучена е и во наставата на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, насока: наука за книжевност. За постдипломците при Катедрата за општа и компаративна книжевност, како и за студентите од другите катедри, во неколку наврати ја изведувала наставата по специјалниот курс „Поетика на фантастичниот расказ“.

Во учебните 2008/2009 и 2009/2010 година била и гостин-професор на интердисциплинарните културолошки студии во книжевноста при Институтот за македонска литература каде што учествува во дел од наставата по предметот *феноменот автобиографија во културата*, по покана од предметниот професор Наташа Аврамовска.

Во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, учествувала со предавање („Што има ново во македонската литература“, 26.8.2009 година) и циклус предавања за современата македонска литература (август 2006).

Во периодот 2006-2008 година го уредувала електронското списание *Мираж*, гласило на Катедрата за општа и компаративна книжевност (од број 15 до број 20).

## Научноистражувачка дејност

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Капушевска-Дракулевска учествувала со свои реферати на повеќе меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство (Русија, САД, Португалија и др.), што се гледа од богатата библиографија што е наведена во Анекс 2 (некои од рефератите се веќе објавени во одделни зборници). Од приложеното се забележува дека преовладуваат теми од неколку области на компаративната книжевна наука: рецепција, интеркултура, имагологија, меморија и идентитет... Со овие настапи, д-р Капушевска-Дракулевска дава свој придонес за афирмација на македонската компаратистика на повеќе универзитети во странство.

Д-р Капушевска-Дракулевска учествува во неколку научноистражувачки проекти: *Поимник на книжевната теорија*, проект при МАНУ (2004-2006); *Сведоштво за македонското творештво - критичко читање на делото на Коле Чашуле*, проект при МАНУ (2006-2008); *Книжевната компаратистика: состојби и перспективи*, проект при Институтот за македонска литература (2009-2011); Интеракадемски проект на МАНУ со Полската академија на науките на тема: *Словенски проекции на Европа. Реалност и концепции* (2010-2012).

Во овој период, научниот и стручниот интерес на д-р Капушевска-Дракулевска е насочен кон промислување на современата македонска литература во компаративен контекст - литературата како интелектуална размена на една нација, како комплексен процес чии идеи се создаваат, се обликуваат и се пренесуваат. Во оваа смисла, по своето значење, особено се изделува монографијата *Маргарита по трагите на Мајсторот* (Скопје, Магор, 2006, 294 стр.).

Оваа книга се одликува со една обемна, исцрпна и аргументирана анализа на книжевната материја што е предмет на обработка. Во студиите и есеите поместени во книгата, д-р Капушевска-Дракулевска покажува широка упатеност во тенденциите и резултатите во современата наука за книжевноста, особено компаратистиката, како и способност научните достигања од релевантната област да ги употреби за доаѓање до сопствени ставови и заклучоци. Низ функционални, продлабочени и прецизни анализи и интерпретации, таа доаѓа до значајни резултати што носат нови сознанија за односите помеѓу нашата и светската литература, на тој начин, создавајќи трудови што претставуваат убав и редок придонес во нашата наука за книжевноста.

Од изборот во звањето вонреден професор, д-р Капушевска-Дракулевска има објавено четириесетина статии во периодиката. Помеѓу тие трудови, според тематската област на која припаѓаат, можеме да разликуваме неколку групи текстови.

Во првата група текстови спаѓаат трудови во кои д-р Капушевска-Дракулевска го посветува своето внимание на некои појави во современата македонска литература, особено во поезијата. Компаратист по образование и по насоченост, таа ги разгледува тие појави во светлината на големите и длабоко детерминирани процеси што се одвиваат во европската и светската поезија. Со мошне широки познавања на книжевните (и поетските) струења во XIX и XX век сè до денес, таа ги открива нивните траги во современата македонска литература (особено во поезијата), покажувајќи како тие се проникнувале со националните специфики и со индивидуалните одлики на одделните книжевни (поетски) дела и како придонесувале македонската литература (особено поезија) да се вклопи во светските книжевни текови. Во оваа смисла, ги истакнуваме трудовите објавени надвор од Р. Македонија, со кои авторката ја популаризира нашата литература во странство: „Алиса во земјата на поезијата“ и „Во потрага по трошка смисла: еден поглед врз младата македонска книжевна продукција“ (Сараево), „Доминација на романот“ (Белград), „Женското поетско писмо во македонската литература“ (Перм, Русија), „Дијалог со светот: за кусиот расказ во современата македонска литература“ (Шри Ланка, Коломбо), „За македонската поезија во периодот на транзиција“ (Рим, Италија), „Еден поглед врз најновата македонска книжевна продукција“ (*Eurozine*, двојазично: на македонски и на англиски јазик) и др.

Во втората група спаѓаат текстови што се однесуваат на проблематиката на фантастичниот жанр во македонската и во светската проза. Д-р Капушевска-Дракулевска се потврдува како вистински стручњак за прашањата од овој сегмент на литературата. Ова особено се гледа од студиите: „Фантастичниот расказ и меморијата“, „Н. В. Гогољ и македонскиот фантастичен расказ“, „Географија на имагинарното“, панел-дискусијата „Ден на канадска култура за фантастичната литература - искуства од Канада и Македонија“ и др.

## Стручно-апликативна дејност

Вистинска книга-патоводител низ пределите на литературата на имагинарното кај нас претставува антологијата на современиот македонски фантастичен расказ - *Тешка ноќ* (Скопје, Магор, 2009), која претставува прва

антологија од овој вид во нашата културна средина, а чијшто составувач е д-р Капушевска-Дракулевска.

Во рамките на проектот на Владата на Р. Македонија „130 тома македонска книжевност“ (2008), таа ги приредила книгите: Влада Урошевиќ, *Непредвидени прошетки* (избор поезија / избор раскази и предговор) и Иван Цепароски, *Волја за мисла* (избор поезија и предговор). Составувач е и на една антологија на македонската поезија за Меѓународната колекција „Разноликост“ (2007), како и на еден избор од тринаесет современи македонски поети (заедно со Владимир Мартиновски), кој ќе биде објавен во Холандија во текот на месец јуни 2010 година. Автор е на неколку предговори и поговори на одделни книги (особено на поетски книги на современи македонски поети), како и на бројни рецензии по повод нови поетски објави или награди на наши реномирани автори. Во оваа пригода ќе го истакнеме предговорот кон еден избор на четири македонски поети објавен во Малага (Шпанија). Впрочем, во повеќе наврати, д-р Капушевска-Дракулевска се потврдува како достоен проследувач на македонската литература и култура и дава свој значителен придонес во нејзината афирмација во земјава и во странство.

Член е на повеќе домашни и странски здруженија за компаративна книжевност, а учествува и во работата на различни комисии, одбори и друштва, важни за образовните и културните процеси во Р. Македонија. На тој начин, д-р Капушевска-Дракулевска остварува и една поширока општествена активност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо ја вреднува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Лидија Капушевска-Дракулевска во областа на компаративната книжевна наука, со што покажува дека таа ги исполнува условите за избор во звањето редовен професор.

Имајќи го предвид досега изнесеното, а врз основа на досегашната успешна наставна и научна дејност, слободни сме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере д-р Лидија Капушевска-Дракулевска во звањето редовен професор по предметот компаративни поетики.

Скопје, 31.5.2010 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Акад. д-р Влада Урошевиќ, редовен професор, с.р.

2. Акад. д-р Ката Ќулавкова, редовен професор, с.р.

3. Д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Лидија Ратко Капушевска-Дракулевска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** книжевност – општа и компаративна книжевност

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | - од прв циклус: | |
| 1. | Романтизам (3+1), зимски, 2005/06 | 2,4 |
| 2. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), зимски, 2005/06 | 2,4 |
| 3. | Романтизам (3+1), летен, 2005/06 | |
| 4. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), летен, 2005/06 | 2,4 |
| 5. | Романтизам (3+1), зимски, 2006/07 | 2,4 |
| 6. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), зимски, 2006/07 | 2,4 |
| 7. | Романтизам (3+1), летен, 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), летен, 2006/07 | 2,4 |
| 9. | Поетика на романтизмот (2+0), зимски, 2007/08 | 1,2 |
| 10. | Поетика на фантастичниот расказ (2+0), зимски, 2007/08 | 1,2 |
| 11. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), зимски, 2007/08 | 2,4 |
| 12. | Поетика на симболизмот (2+0), летен, 2007/08 | 1,2 |
| 13. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), летен, 2007/08 | 2,4 |
| 14. | Поетика на несознајното, спец-курс (2+0), летен, 2007/08 | 1,2 |
| 15. | Литературата и градот, спец-курс (2+0), летен, 2007/08 | 1,2 |
| 16. | Поетика на романтизмот (2+0), зимски, 2008/09 | 1,2 |
| 17. | Поетика на фантастичниот расказ (2+0), зимски, 2008/09 | 1,2 |
| 18. | Модернистички поетики на 20 век (2+0), зимски, 2007/08 | 1,2 |
| 19 | Поетика на несознајното 1, спец-курс (2+0), зимски, 2008/09 | 1,2 |
| 20. | Поетика на симболизмот (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 21. | Поетика на постмодерната (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 22. | Поетика на несознајното 2, спец-курс (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 23. | Литературата и градот, спец-курс (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 24. | Поетика на романтизмот (2+0), зимски, 2009/10 | 1,2 |
| 25. | Поетика на фантастичниот расказ (2+0), зимски, 2009/10 | 1,2 |
| 26. | Модернистички поетики на 20 век (2+0), зимски, 2009/10 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Македонска книжевност во компаративен контекст 1 (2+1), зимски, 2009/10 | 1,8 |
| 28. | Поетика на симболизмот (2+0), летен, 2009/10 | 1,2 |
| 29. | Поетика на постмодерната (2+0), летен, 2009/10 | 1,2 |
| 30. | Македонска книжевност во компаративен контекст 2 (2+1), летен, 2009/10 | 1,8 |
| 31. | Литературата и градот, спец-курс (2+0), летен, 2009/10 | 1,2 |
| | - од втор циклус: | |
| 32. | Поетика на фантастичниот расказ, спец-курс (16 часа), летен, 2006/07 | 0,8 |
| 33. | Поетика на фантастичниот расказ, спец-курс (16 часа), летен, 2008/09 | 0,8 |
| 34. | Феноменот автобиографија во културата (6 часа), летен, 2008/09, Институт за македонска литература | 0,3 |
| 35. | Феноменот автобиографија во културата (6 часа), летен, 2009/10, Институт за македонска литература | 0,3 |
| 36. | Настава во летни школи и работилници: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид – учесник, лето 2006 (5 часа) | 1 |
| 37. | Настава во летни школи и работилници: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид – учесник, лето 2009 (предавање) | 1 |
| 38. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2005/06 | 0,3 |
| 39. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2006/07 | 0,3 |
| 40. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2007/08 | 0,9 |
| 41. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2008/09 | 1,8 |
| 42. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2009/10 | 1,8 |
| 43. | Консултации со студенти 2005/06 (30 студенти) | 0,06 |
| 44. | Консултации со студенти 2006/07 (30 студенти) | 0,06 |
| 45. | Консултации со студенти 2007/08 (35 студенти) | 0,07 |
| 46. | Консултации со студенти 2008/09 (35 студенти) | 0,07 |
| 47. | Консултации со студенти 2009/10 (30 студенти) | 0,06 |
| 48. | Ментор на дипломска работа (10x0,2) | 2 |
| 49. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3) | 1,5 |
| 50. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (11x0,1) | 1,1 |
| 51. | Уредник на електронското списание „Мираж“ (2006-2008), 6 броја | 2 |
| | **Вкупно** | 64,22 |

# НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација: „Спецификите на ромската литература во Р. Македонија", Филозофски факултет-Загреб (втора година) | 2 |
| | **Проекти:** | |
| 2. | Поимник на книжевната теорија, МАНУ (2004-2006) | 3 |
| 3. | Сведоштво за македонското творештво - критичко читање на делото на Коле Чашуле, МАНУ (2006-2008) | 3 |
| 4. | Книжевната компаратистика: состојби и перспективи, Институт за македонска литература (2009-2011) | 3 |
| 5. | Словенски проекции на Европа. Реалност и концепции /// SLAVIC PROJECTIONS OF EUROPE. REALITY AND CONCEPTIONS, интеракадемски проект на МАНУ со Полската академија на науките (2010-2012) | 5 |
| | **Објавени трудови:** | |
| 6. | Монографија: *Маргарита по трагите на Мајсторот*, Скопје: *Магор*, 2006, 294 стр. | 8 |
| 7. | „Херменевтика на лирскиот субјект", во: *Дијалог на интерпретации* (прир.: К. Ќулавкова, Ж. Бесиер, Ф. Дарос), Скопје, Ѓурѓа, 2005, стр. 331-348. | 2 |
| 8. | „Intercultural Encounters: Otherness in Macedonian Drama", in: *Intercultural Theatre* (Conference Proceedings), ed. by Jelena Luzina, Skopje: *Faculty od Dramatic Arts*, 2005, 121-139. | 2 |
| 9. | „Поетската слика кај Шопов", во: *Животот и делото на Ацо Шопов* (Меѓународен научен собир по повод 80-годишнината од раѓањето на Ацо Шопов, Скопје, 5-6 ноември 2003), Скопје: *МАНУ*, 2005, 231-236. | 2 |
| 10. | „Кон хаиуку поезијата на Владимир Мартиновски", во: *Мравка*, Струмица, 2005, бр.5, 26-28. | 2 |
| 11. | „Чествување на поезијата", во: *Културен живот*, Скопје, 2005, бр. 4, 78-80. | 2 |
| 12. | „Контракултурни ентитети (за еден аспект на *другоста* во македонската драма)", во: *Mirage*, Скопје, декември 2005, бр.13/14, достапно на: www.mirage.com.mk | 2 |
| 13. | „Фантастичниот расказ и меморијата", во: *Наше писмо*, Скопје, 2006 (XII), број 59, јануари-март, 40-45. | 2 |
| 14. | „По трагите на една фуснота во романот 'Чудотворци' од Славко Јаневски", во: *Портал*, Скопје, 2006, бр. 19-20, 39-41. | 2 |
| 15. | „Мотивот на забранета љубов во македонската драма", во: *Спектар*, Скопје, Институт за македонска литература, 2006, бр.47. | 2 |
| 16. | „Во потрага по романтичарскиот мит за Балканот", во: *Балканска слика на светот* (прир. Ката Ќулавкова), | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6.12.2005, Скопје, МАНУ, 2006, 219-227. | |
| 17. | „Dialogue with the world (Regarding the short story in contemporary Macedonian literature)", *Nēthrā*, Journal of the International Centre for Ethnic Studies, Colombo&Sri Lanka, Vol. 9, No.2, 2006, 1-6. | 2 |
| 18. | „Бретоновата Наѓа меѓу фикцијата и фактите", во: *СУМ*, Штип, Центар за културна иницијатива, 2006 (XI) , бр. 53, 73-78. | 2 |
| 19. | „Моќта на поезијата ", во: *Културен живот*, Скопје, бр. 3-4, 2006, 78-82. | 2 |
| 20. | „Научната мисла и нејзините интерференции", во *Современост*, Скопје, год. 55, бр. 1, јануари 2007, 110-114. | 2 |
| 21. | „Доминација романа", во: *Књижевност*, Београд, год. LXII, бр.1, 2007, 150-157. | 2 |
| 22. | „Географија на имагинарното", во: *Синтези*, Скопје, бр.6, 2007, 73-74; исто во: *Свеске*, Панчево, 2007. | 2 |
| 23. | „Поетски концерт", во: *Разгледи*, Скопје, 2007, бр. 1-2, 60-65. | 2 |
| 24. | „Alisa u zemlji poezije", во: *Sarajevske sveske*, Sarajevo, no.15-16, 2007, 142-146; исто во: *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, книга 33, Скопје, 2007, 177-122. | 2 |
| 25. | „Бретоновата *Наѓа* во служба на надреализмот", во: *Книжевен контекст 5* (реферати од Симпозиумот по повод 20 години од Катедрата за општа и компаративна книжевност, 24.10.2006), Скопје, Институт за македонска литература, 2007, 93-101. | 2 |
| 26. | „Поетски преместувања",во: *Културен живот*, Скопје, 2007, бр. 1-2, 16-19. | 2 |
| 27. | „Разговор со поетот Михаил Ренцов", во: *Предавања на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 13-30.8.2007, Скопје, 2008, 319-324. | 2 |
| 28. | „Индивидуалната и колективната меморија како траума", во: *Интерпретации* („Меморија и уметност"), (Зборник на трудови од Меѓународната конференција на тема *Меморија и интерпретација*, МАНУ, ноември 2007), прир. Ката Ќулавкова, Скопје, МАНУ, 2008, 111-123. | 2 |
| 29. | „Излог на книги: Анастасија Ѓурчинова, *Контексти*, Скопје, Култура, 2006", во: *Културен живот*, 2008, бр. 1-2, 92-95. | 2 |
| 30. | „Женское поэтическое письмо в македонской литературе", *Мировая литература в контексте культуры*, Пермь, 2008, 47-50. | 2 |
| 31. | „Од книжевен афинитет до творечки дијалог", во: *Спектар*, 2008, бр. 51, 53-60. | 2 |
| 32. | „Оралната традиција и модерниот поетски израз", во: *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, книга 34, Скопје, 2008, 65-76. | 2 |
| 33. | „Наследството на Овидиј во симболизмот", во: | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Метаморфози и метатекстови* (Зборник на трудови од Научната работилница одржана на 11.5.2007), Скопје, 2008, 91-102. | |
| 34. | „Од витрините на компаративната книжевност", во: *Книжевен контекст*, Скопје, Институт за македонска книжевност, 2008, бр. 6, 93-98. | 2 |
| 35. | „Педесет години од 'Дождови' на Матеја Матевски", во: *Дождови на Матеја Матевски во контекст на македонската Модерна* (реферати од Собирот во МАНУ, 6.12.2006), Скопје, МАНУ, 2009, 47-50. | 2 |
| 36. | „Еден поглед врз најновата македонска книжевна продукција, во *Корени*, Куманово, септември-декември, 2009, 4905-4911. Исто во: *Eurozine*, 26.11.2009, достапно на: www.eurozine.com (двојазично, македонски и англиски јазик) | 2 |
| 37. | „Светот како непрочитана книга", во: Филолошки студии, УДЦ 821.163.3-994 (049.3) достапно на: www.philologicalstudies.org | 2 |
| 38. | „Ацо Караманов меѓу нас", во: *Прилози* XXXIII-XXXIV 1-2, Скопје, МАНУ, 2008-2009, 437-444 (зборник на трудови во чест на акад. М. Ѓурчинов). | 2 |
| 39. | „U potrazi za mrvom smisla", во: *Sarajevske sveske*, Sarajevo, no.25-26, 2009, 53-59. | 2 |
| 40. | „Alice nel paese della poesia (La poesia macedone nel periodo della transizione)", in: *Slavia*, rivista trimestrale di cultura, Roma, XIX, n.2, 2010, 83-88. | 2 |
| | **Учество на научен/стручен собир/конференција со реферат** | |
| 41. | „Поезијата како меморија", Меѓународен колоквиум посветен на Л. С. Сенгор: *Сенгор во полна слобода*, Скопје, 20 март 2006. | 1 |
| 42. | „Коле Чашуле како полемичар", *XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 28-29 август 2006. | 1 |
| 43. | „Женското поетско писмо во македонската литература", меѓународен научен симпозиум *Развојот на македонската литература*, Институт за македонска литература, 25-26.10.2006. | 1 |
| 44. | „Поезијата во служба на јазикот", *Меѓународен македонистички собир* во Охрид, август 2008 година. | 1 |
| 45. | „Современата македонска поезија во дијалог со англо-американските модерни поети", *Меѓународна конференција по повод 50 години од Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје*, септември 2008 година. | 1 |
| 46. | „Интеркултурни средби: аспектот на другоста во македонската драма", меѓународен научен симпозиум „Словенските јазици и култури во современиот свет", | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Филолошки факултет МГУ М.В.Ломоносов, Москва, 24-26 март 2009 година. | |
| 47. | „Вавилонско шаренило од гласови (македонската литература во периодот на транзиција)", *North American – Macedonian Conference,* Универзитет во Јута, Салт Лејк Сити, 5-7 ноември 2009 година. | 1 |
| 48. | „Н. В. Гогољ и македонскиот фантастичен расказ", *Меѓународна конференција по повод 200 год. од раѓањето на Гогољ,* Руска академија на науките, Москва, 10-11.11. 2009 година. | 1 |
| 49. | „Атанас Вангелов и францускиот симболизам", *Меѓународен научен собир посветен на д-р Атанас Вангелов,* 15-16.12.2009 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. | 1 |
| 50. | „The Presence of the Portuguese Contemporary Poetry at the Struga Poetry Evenings", 4th International Conference Iberian and Slavonic Cultures in Contact and Comparison "Res Publica(s)", Faculty of Humanities, University of Lisbon/ Camões Institute, 13-15 May, 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | 102 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Книги од стручна област:** | |
| 1. | *Тешка ноќ,* антологија на современиот македонски фантастичен расказ, Скопје, Магор, 2009; избор и предговор: „Ноќните чари на фантастиката", 7-16. | 8 |
| 2. | Влада Урошевиќ, *Непредвидени [illegible]* (избор поезија / избор раскази), *Микена,* Битола, 2008, 342 стр.; избор и предговор: „Феноменот Влада Урошевиќ: македонскиот Магрит во литературата", 5-2[illegible]. | 8 |
| [illegible] | Иван Џепароски, *Волја за [illegible]* (избор поезија), *Микена,* Битола, 2008, 148 стр.; избор и предговор: „Поезијата на Иван Џепароски како [illegible]", [illegible]. | 8 |
| | [illegible] | |
| | [illegible] de la [illegible] Macedonia", Introducción in: [illegible] | [illegible] |
| | [illegible] П. [illegible] | [illegible] |

| | | |
|---|---|---|
| | *Праболи и каприча* (одбрани песни во препев на дест јазици), Струга, СВП, 2006, 243-247. | |
| 6. | „Авангарда", „Артизам", „Имагинарно", „Имажизам", „Импресионизам", „Ларпурлартизам", „Мистификација", „Модерна", „Модернистички поетики", „Огледалност", „Романтизам", „Симболизам",„Фантастична книжевност", „Фантастично", „Чудесно", во: *Поимник на книжевната теорија*, прир. Ката Ќулавкова, Скопје, МАНУ, 2007 (1-3, 62-63, 197-199, 200-201, 202-203, 287-288, 334, 346-349, 349-352, 388-389, 471-473, 496-499, 566-567, 567-569, 626-627) | 3 |
| 7. | „Јазикот и поезијата", во: *Македонскиот есеј* (прир. Иван Џепароски), Битола, Микена, 2008, 358-366 | 3 |
| 8. | „Од еден идентитет до друг или автопортрет во прво лице множина", предговор во: Андре Бретон, *Наѓа*, Скопје, Магор, 2009, 5-12. | 3 |
| 9. | „Анета Попова, 'Нај-кратки раскази'", поговор во: Анета Попова, *Нај-кратки раскази*, Скопје, Антолог, 2009, 151-152. | 3 |
| 10. | „Номадизмот како поетски копнеж", поговор во: Марина Мијаковска, *Номадска душа*, Скопје, Антолог, 2010, 59-61. | 3 |
| | **Идеен проект** | |
| 11. | Член на Комисијата при македонскиот ПЕН за избор на 10 македонски романи за објавување во рамките на проектот *100 словенски романи* на Словенскиот културен форум (2006). | 1 |
| 12. | Панел-дискусија *Ден на канадска култура за фантастичната литература - искуства од Канада и Македонија*, Универзитет Американ колеџ – Скопје, 14 април 2010 година. | 1 |
| | **Учество во промотивни активности** | |
| 13. | Промоции на книги (9) | 4,5 |
| | **Член на национална жири-комисија** | |
| 14. | Жири за избор на најдобра поема што го распишува книгоиздателството „Детска радост" од Скопје (2008). | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: секретар на *Прилози* XXXIII-XXXIV 1-2, Скопје, МАНУ, 2008-2009 (зборник на трудови во чест на акад. М. Ѓурчинов). | 0,5 |
| 16. | Член на Управниот одбор на Струшки вечери на поезијата (2005-2007) | 1 |
| 17. | Надворешен член на Советот при Институтот за македонска книжевност во Скопје (2005-2007). | 0,5 |
| 18. | Член на факултетска комисија: член на Комисијата за евалуација на студиската програма за општа и компаративна книжевност | 0,5 |
| 19. | Член на факултетска комисија: член на комисија за попис на библиотеката | 0,5 |
| 20. | Член на Комисија за избор во звање (1 доцент) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Член на организационен одбор на меѓународниот собир *Literary dislocation*, September 1-3, 2011, Skopje-Ohrid, во организација на Институтот за македонска литература и Друштвото за компаративна книжевност. | 1 |
| 22. | Учество во Комисија за нострификација на дипломи при Министерството за образование на Р. Македонија. | 1 |
| 23. | Член на Друштвото за компаративна книжевност на Макредонија | 1 |
| 24. | Член на AILC/ICLA - Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност | 1 |
| 25. | Член на Друштвото на писатели на Македонија | 1 |
| 26. | Член на REELC/ENCLS: RÉSEAU EUROPÉEN D'ÉTUDES LITTÉRAIRES COMPARÉES / EUROPEAN NETWORK FOR COMPARATIVE LITERARY STUDIES, Европска мрежа за компаративни истражувања | 1 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 62 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 64,22 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 102 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 62 |
| **Вкупно** | 232,22 |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. д-р Влада Урошевиќ, редовен професор, претседател, с.р.

2. Акад. д-р Ката Ќулавкова, редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, член, с.р.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04 – 1800/1
21 -08- 2018
Скопје

Врз основа на чл. 110, чл. 217 став 2 и чл. 218 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Одлуката бр. 02-630/17 од 29.5.2018 година донесена на Универзитетскиот сенат на 22. редовна седница одртжана на 29.5.2018 година и член 48 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 23. редовна седница одржана на 20.6.2018 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

I. Се констатира дека **проф. д-р Владимир Мартиновски** за прв пат избран во звањето **редовен професор** на 30.6.2017 година во наставно-научната област: историја на општата книжевност (компаративна поетика), **заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.**

**Образложение**

Со одредбите од чл. 217, став 2 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), е утврдено дека до донесување на општите акти на високообразовните установи утврдени со овој Закон кои се однесуваат на условите, постапката и критериумите за избор во наставно-научно, научно,наставно и соработничко звање, изборот во овие звања ќе се вршат според одредбите на овој закон и на општите акти кои биле во сила на денот на стапување во сила на овој закон, при што одредбите на општите акти на високообразовните установи кои се во спротивност со одредбите на овој закон, нема да се применуваат. Согласно чл. 218, став 1 редовните професори и научните советници избрани на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои до денот на влегувањето во сила на овој Закон се избирани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

II. Согласно горе наведеното Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје донесе Одлука како во диспозитивот.

III. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

IV. Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ната, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04-1320/6
03-02-2014

Скопје

Врз основа на чл. 63, чл. 134 став 1 од Законот за високото образование и чл. 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. Весник бр. 17 од 11.2.2011 година), Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата четириесет и првата редовна седница одржана на 29.1.2014 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА

1. **Д-Р МАРИЈА ЃОРЃИЕВА-ДИМОВА се избра** во звањето **вонреден професор** по предметите: **теорија и методологија на книжевноста и книжевна херманевтика.**

2. Именуваниот-ата заснива работен однос на определено работно време до 28.1.2019 година.

3. Во стекнатото звање именуваниот-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

## Образложение

На објавениот конкурс за избор на **вонреден професор** по предметите: **теорија и методологија на книжевноста и книжевна херманевтика** објавен во весниците „Вечер" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Марија Ѓорѓиева-Димова.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1067.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 29.1.2014 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

**1. акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор**
**2. д-р Елизабета Шелева, редовен професор**
**3. д-р Славица Србиновска, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Марија Ѓорѓиева-Димова** во звањето **вонреден професор**.

Согласно чл. 134 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуваниот-ната, Отсекот за сметководствено и финансово работење, Отсекот за општи, правни и персонални работи и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Славица Велева

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

избор
- д-р Марија Ѓорѓиева-Димовска

[redacted]

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1067**
**Скопје, 16 декември 2013 година**

# Содржина на Билтен број 1067 од 16 декември 2013 година


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Социјално претприемништво (прво издание),** од авторот **д-р Јован Пејковски,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје............................8-13
2. Рецензија на докторската дисертација **Стратегии и техники за процена на позитивна дисциплина во основното образование,** од **м-р Гарип Картал,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје..................................................................14-20

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(Роберт Насков, Сибел Јакуповиќ)**.................................................21

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Марко Анѓеличиноски, Марко Делчев, Долорес Ананиева, Ивона Гашпаровиќ Негриевска, Горан Димитриевски, Весна Ганчева, Филип Стоилков, Димитар Бојчев, Сашка Ѓорѓиевска, Маја Целеска, Влатко Димески, Александра Вирановска, Марија Денковска, Зоран Ѓорѓиевски, Митко Хаџистојанов, Марија Петковска, Горјан Гугуловски)**..........................................................................................................22-25

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Елена Ваневска, Радица Дејановска, Јован Јовановски, Јасмина Јаулевска, Каролина橋оска, Марјан Маркоски, Благоја Здравков, Александра Панева Масин, Љубица Ѓорѓиева, Ели Климовска, Александра Настевска, Сања Грнчаревска Даскалова, Катерина Костовска, Александра Спасеноска, Маријана Кметовска, Фросина Колеќевска, Ирена Минова, Кајдафе Асани)**....................26-27

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на докторската дисертација **Исказот на обвинетиот како доказ во казнената постапка,** од **м-р Дивна Илиќ,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје...........................................................................................28-36
2. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на јавниот обвинител во казненоправниот систем,** од **м-р Лидија Раичевиќ,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје...........................................................................................37-40

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор по предметите теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Марија Ѓорѓиева Димова)**..............................................................41-57

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Концептот на франкофонијата, вредностите на надворешната политика на Република Македонија и односот кон Арапската пролет 2011 година** од **м-р Лиман Авдиу,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје...............................................................58-64

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Општа ентомологија** од авторите **проф. д-р Станислава Лазаревска** и **проф. д-р Миле Постоловски** пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје...........................................................................65-72

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**
1. Реферат за избор на асистент на научната област градинарство на Земјоделскиот институт во Скопје **(м-р Афродита Ибушоска)**.........73-76

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
1. Рецензија на докторската дисертација **Третманот на жртвата во случајот на масовните силувања во внатрешните судири пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија,** од **м-р Ајтен Рамадани**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........77-84

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Татјана Дамјановска, Јана Таскова, Ристо Христов, Марија Христова)**.........85

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Бесим Хасалари, Дарка Петрушевска, Љубомир Гајдов, Стојна Атанасовска-Димишковска, Марија Тодоровска, Маја Варошлија, Јагода Насковска, Елена Чалческа, Лидија Стојчевска, Марина Тунева, Дарко Мацоски, Анита Азеска, Дамир Ланг, Борче Николов, Ристе Николов, Лулзиме Ќоку, Ленче Ѓорѓиевска,, Марија Момироска, Јасмина Гоцевска, Стојан Ѓуровски, Бојана Илиќ, Виолета Спасова, Елизабета Марковска-Ставревска, Емилија Туфа, Сашо Вилев)**.........86-87

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Реферат за избор на редовен вонреден професор по германско јазична книжевност, преведување од германски на македонски јазик и обратно и толкување од германски на македонски јазик и обратно на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Зорица Николовска)**.........88-119

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**
1. Рецензија за оцена на подобноста на темата за изработка на докторската дисертација со наслов **Напредна технологија за сеизмичка заштита на мостовски конструкции со примена на нов систем за модификација на сеизмичкиот одговор,** и научна оспособеност на кандидатката **м-р Јелена Ристиќ**.........120-125

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Реферат за избор на виш лектор по предметот современ македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Гордана Алексова)**.........126-132
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет по турски, по македонски и по албански јазик и книжевност во основните и средните училишта во Република Македонија,** изработена од **м-р Осман Емин**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.........133-139

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација,** изработена од **м-р Марија Гогова Самоникова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.........140-144

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА И КНИЖЕВНА ХЕРМЕНЕВТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и деветта редовна седница одржана на 30.10.2013 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Марија Ѓорѓиева Димова во звањето вонреден професор по предметите *теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика*, во состав: акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Елизабета Шелева, редовен професор и д-р Славица Србиновска, редовен професор. Откако на ден 5.11.2013 година ги примивме решенијата за избор на членови на Рецензентската комисија, придружени со копија од *Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (усвоен на 26.06.2013) во Скопје, како и со другите конкурсни материјали (биографија, трудови на кандидатот и пополнет образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање), го подготвивме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Основни информации за конкурсот:

На конкурсот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за избор на наставник во сите наставно-научни звања, по предметите теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика, објавен во весникот *Вечер* на 8.10.2013 година, се има пријавено кандидатот д-р Марија Ѓорѓиева Димова, сегашниот доцент по предметите теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика, при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Документацијата приложена од кандидатката е во согласност со одредбите од конкурсот.

### 2. Основни информации за кандидатката:

Марија Ѓорѓиева Димова е родена 1973 година. Гимназија завршила во родниот град. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје (со среден успех од 9,76), на Катедрата за општа и компаративна книжевност, во 1997 година, со дипломската работа на тема *Современи теории на раскажување*. Во текот на студиите е прогласувана за најдобар студент на матичниот Факултет, континуирано, во текот на две учебни години - 1994/1995 и 1995/1996 - за што ги има добиено наградите: *Најдобар студент на Универзитетот* - од Филолошкиот факултет „Блаже Конески", награда под покровителство на Владата на Р. Македонија, како и наградата "26 Јули" од Фондацијата „Френк Харкорд Манинг" од Лондон, што ја добиваат шесте најдобри студенти на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" од областа на архитектурата, општествените науки и уметностите. М. Ѓорѓиева ги завршила постдипломските студии на насоката „Наука за книжевност" при Филолошкиот факултет „Блаже

Конески" во Скопје. Магистрирала на 10.3.2003 година, со тезата *Модели на интертекстуалност во романот*. Докторската дисертација *Историографската метафикција во романот (толкувачки модели)* ја пријавила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на 22.9.2004 година и ја одбранила на 9.10.2008 година. Магистерската и докторската теза ги работела под менторство на академик Катица Ќулавкова. На 8.4.2009 година, на XX редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, избрана е во звањето доцент по предметите *теорија и методологија на книжевноста* и *книжевна херменевтика*.

3. **Наставна дејност на кандидатката**:

Во периодот 1997-2004 година, д-р Марија Ѓорѓиева Димова работи како професор по македонски јазик и литература во средното образование, кога се стекнува со практично искуство во наставата и методиката на наставата по книжевност. На 1.3.2004 година, Марија Ѓ. Димова е избрана во звањето асистент по предметот *Теорија и методологија на проучувањето на книжевноста* при Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Од академската 2004/2005 год., Марија Ѓ. Димова изведува и вежби по предметот *книжевна херменевтика со креативно пишување*. Според актуелните наставни планови, делот во областа на креативното пишување се изведува во форма на интерактивна настава. Од учебната 2005/2006 година држи вежби по предметот *теорија и методологија на книжевноста* според ЕКТ-системот, или прецизно на курсевите: *теорија на книжевноста 1 и 2, теорија на книжевните дискурси 1 и 2*, при што соработува непосредно со проф. К. Ќулавкова.

Од учебната 2008/2009 е вклучена во наставата по предметите: *книжевна херменевтика* (курс: креативно пишување 1,2), *теориски основи на методиката на наставата по компаративна книжевност, практика на методиката на наставата по компаративна книжевност* и *историографска метафикција*. Во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година е вклучена во наставата од вториот циклус студии со изборниот предмет *книжевност и историја* (15 часа во летниот семестар). Член е на Советот за трет циклус- докторски студии во чиишто рамки е кореализатор на предметот *пародијата во контекст на постмодернистичките книжевни и уметнички практики* (носител: акад. Ќулавкова). Таа држи и настава за студените на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје кои го слушаат предметот *теорија на книжевноста* (2+0).

Како асистент по предметите *Ттеорија и методологија на книжевноста* и *книжевна херменевтика со креативно пишување*, д-р Марија Ѓ. Димова била вклучена во наставата со студентите од прва до четврта година (од првиот до осмиот семестар, зависно од потребите во дадената академска година). Таа има изведувано вежби и други наставни активности со студентите, по следниве субдисциплинарни подрачја: увод во теоријата на книжевноста, теорија на книжевните дискурси (фикционални и нефикционални видови), теорија на лирската поезија, стилистика, книжевна семиотика, увод во книжевната херменевтика со практична интерпретација на романескни, раскажувачки и драмски текстови, како и вежби по креативно пишување. Таа држела вежби по широк спектар книжевно-теориски прашања, вклучително и по креативно

пишување. Д-р Ѓорѓиева ги применува во наставата референтните научни и интерпретативни методи, меѓу кои - постструктурализмот, семиотиката, новоисторицизмот и постколонијализмот, интертекстуалниот и херменевтичко-рецепционистичкиот пристап, потоа елементи од теоријата на метафикционалноста и од театролошките стратегии (при толкувањето драмски текстови).

Како наставник, Марија Ѓ. Димова ги исполнува работните обврски совесно и одговорно, часовите ги одржува редовно, креативно и методично, со висока смисла за педагошка комуникација со студентите.

Во рамките на доцентскиот стаж, д-р Ѓ. Димова била **ментор на една дипломска работа** на тема: *Ревизионистички постапки во историографската метафикција,* изработена од Марица Алексовска (решение бр. 19323/67 од 10.2.2010). Била член на Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд *Симболичкиот систем во поетското дело Мисневија од Џелалетин Руми,* изработен од м-р Сејдула Алили (решение бр. 09-1551/8 од 23.9.2011 и решение бр. 09-1551/10 од 17.1.2012).

**Била член на четири комисии за оцена и одбрана на магистерски труд:**

1. *Интертекстуалната иронија како постапка на очудување во модернистичкиот и постмодернистичкиот расказ,* изработен од Ненад Јолдески (решение бр. 09-1816/7, 12.2.2013; решение бр. 09-1816/8, 27.3.2013);
2. *Митскиот, усниот и сакралниот интертекст во поезијата на Славко Јаневски,* изработен од Гордица Величковска (решение бр. 09-640/8 12.2.2013; решение бр. 09-640/6, 27.3.2013);
3. *Стилистички обрасци во современиот роман (низ примери од македонскиот роман),* изработен од Валентина Петрушева (решение бр. 09-557/6, 24. 4. 2012; решение бр. 09-557/7, 4.6.2012);
4. *Категориите епски јунак и хронотопот во три средновековни епа: Песна за Роланд, Слово за полкот Игорев, епскиот циклус за Крале Марко,* изработен од Кристина Димовска (решение бр. 09-537/7, 21.3.2012).

**Била член во пет комисии за одбрана на дипломски труд:**

1. *Интермедијални релации меѓу драмата и театарот,* изработен од Милош Андоновски (решение бр. 09-1/ 267 од 7.9.2012);
2. *Руско – македонски книжевни релации (Сергеј Есенин, Александар Блок и Борис Пастернак во релација со Блаже Конески),* изработен од Николина Скрческа (решение бр. 09-1/6 од 10.01.2012);
3. *Лавиринтот низ призма на творештвото на Хорхе Луис Борхес,* изработен од Бојана Богдановска (решение бр. 0933/264 од 9.9.2011);
4. *Постмодернизмот во македонската книжевност преку делата на Драги Михајловски,* изработен од Ана Станковска (решение бр. 09-32/262, од 29.9.2011);
5. *Драмите на Семјуел Бекет перцепирани низ призма на теоријата на играта,* изработен од Билјана Стамова (решение бр. 09-1300/1, од 18. 9. 2009)

## 3. 1. Други активности во склоп на факултетската дејност

Доц. д-р Марија Ѓ. Димова е во континуитет вклучена во бројни дополнителни активности во рамки на факултетската дејност. Ќе наведеме неколку податоци: таа ја врши функцијата секретар на Катедрата за општа и компаративна книжевност во неколку учебни години (2004/2005, 2005/2006, 2006/2007, 2009/2010). Во

периодот 2004-2008 год. е ангажирана како технички уредник на електронското компаратистичко списание *Мираж*, а потоа и како негов уредник, каде што соработува со колегите компаратисти и студентите. Во два мандата е член на Претседателството на Друштвото на компаратистите на Македонија (2004-2008). По повод одбележувањето на 25-годишнината од основањето на Катедрата за општа и компаративна книжевност (октомври, 2006), назначена е за секретар на Одборот за одбележување на јубилејот. Како член на Редакцискиот одбор има учествувано во подготовка на *Годишниот зборник на Филолошкиот факултет* „Блаже Конески" (книга 34, 2008). Учествувала во работата на повеќе факултетски комисии и работни тела.

Членува во неколку национални и меѓународни асоцијации: Друштвото на компаратисти на Македонија, Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AICL/ICLA), Европската мрежа за компаративни истражувања (REECL/ENCLS) Reseau europeen d'etudes litteraires comparees/European Network for Comparative literaryStudies) и Балканската мрежа за култура и културолошки студии (Balkan Network for Culture and Cultural Studies).

## 4. Научна дејност на кандидатката:

Д-р Марија Ѓорѓиева Димова има учествувано, во својство на соработник, во неколку научноистражувачки проекти на значајни научни институции во земјава:

- во меѓународниот научноистражувачки проект *Балканска слика на светот* на Македонската академија на науките и уметностите и на Полската академија на науките;
- во научноистражувачкиот проект на МАНУ - *Книжевно теориски поимник* (2004-2007).
- во европскиот научноистражувачки проект на МАНУ – *Интерпретации*, во делот посветен на културолошката и компаратистичко-интердисциплинарна проблематика „Меморијата и уметноста" (2007);
- во европскиот научноистражувачкиот проект на МАНУ – *Интерпретаци*, во делот посветен на проблематиката на современата теорија на книжевноста во европски рамки – „Нови поими на книжевната теорија" (2008-2009).
- во научноистражувачкиот проект *Теорија на интертекстуалноста,* при Катедрата за општа и компаративна книжевност (1998-2000);
- во завршната фаза од проектот за развој на високото образование ХЕСП, изведен во партнерство меѓу Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет и Катедрата за компаративна книжевност на Сорбона Нова, Универзитетот 3 во Париз, Франција. При тоа, таа учествувала и со својот труд „Интеракција на интенциите", објавен во хрестоматијата од областа на книжевната херменевтика *Дијалог на интерпретации*, приредена од професорите К. Ќулавкова, Жан Бесиер и Филип Дарос (Скопје: Ѓурѓа, 2005, 159-185);
- *New Literary and Hermeneutics, Интерпретации: европски проект за теорија и херменевтика* МАНУ (2010-2011) (раководител академик К. Ќулавкова);

- *Интерпретативни стратегии,* МАНУ (2013-2014) (раководител академик К. Ќулавкова);
- учествувала во неколку работни групи при Бирото за развој на образованието за изработка на десет наставни програми за средното стручно образование (двегодишно и тригодишно): наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература за I, II, III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-628/1 од 22. 4. 2013); наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература I, II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-633/1 од 22.4.2013); наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I,II,III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-640/1 од 22.4.2013); наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I,II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-638/1 од 22. 4. 2013).

Марија Ѓ. Димова претходно има учествувано и во други истражувачки проекти: едниот во рамките на ФАРЕ - програмата за реформа и обнова на средното стручно образование во Македонија (1997-1999), а другиот во рамките на издавањето „Книги од македонски автори на Брајово писмо" (2002), во организација на Здружението на слепи лица и со поддршка на Институтот „Отворено општество – Македонија" и Швајцарската агенција за развој.

### 4.1. Учество на научни конференции

Д-р Ѓорѓиева има учествувано, со авторски реферат, на неколку научни работилници, конференции и собири:

- *Македонскиот роман кон крајот на XX век, XXXI Научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Охрид, 16-17.8.2004 (реферат: „Македонскиот роман низ призма на постмодернистичката интертекстуалност");
- *Македонскиот расказ,* Меѓународен научен собир, Институт за македонска литература, Скопје, 13-14.5.2005 (реферат: „Вакантната цитатност во современиот македонски расказ");
- *Балканската слика на светот,* Меѓународна научна конференција, МАНУ/ПАН, Скопје, 5-6.12.2006 (реферат: "Сликата на странецот/ сликата за странецот во балканските литератури");
- *Компаративните студии денес,* Научна конференција по повод 25-годишнината од основањето на Катедрата за ОКК, Скопје, 24.10.2006 (реферат: „Влијанието и интертекстуалноста");
- *Меморија и интерпретација,* Меѓународна научна конференција, МАНУ (под покровителство на УНЕСКО), Скопје, 16-17.11.2007 (реферат: „Книжевност, историја, меморија");
- *Одисеи,* Научна работилница на Друштвото за компаративна книжевност/Друштво на класични филолози „Антика", Скопје, 1. 6. 2009 (реферат: „Чиј глас е овој?");
- *Осма полско-македонска меѓународна научна конференција,* по повод 50 години од полонистиката во Македонија, Филолошки факултет „Б. Конески",

Скопје, 23-24.10.2009 (реферат: „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза на В. Гомбрович");

- *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморија*, Меѓународна научна работилница, Скопје, МАНУ, 25.11.2009 (реферат: „Топосот фигури на меморија низ мнемоничка оптика");
- *Chrześcijański Wschód i Zachód: formy dialogu, wzory kultury, kody pamięci*, Меѓународна научна конференција, Познањ, 21-22.10.2010 (реферат: *„Книжевност и историја: мнемонички дискурси"*);
- *V македонско-чешка меѓународна научна конференција*, Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, 17-18.5.2012 (реферат: „Меморијата на романот - есеите на М. Кундера");
- *Творештвото на Рацин во современ контекст*, Симпозиум на 49–те Рацинови средби, Велес,15.6.2012 (реферат: „Контекстуалните селидби на Рацин");
- *Културна меморија*, Меѓународна научна конференција, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 5-7.9.2013 (реферат: „Романот и неговите мемории");
- *IV меѓународен научен собир Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*, Охрид, 27-29.9.2013 (реферат: „Теоретската фикција како толкувачки модел – романите на П. Павличиќ и В. Андоновски").

## 5. Објавени книги, научни трудови и др. текстови:

Врз основа на добиената документација, можеме да заклучиме дека кандидатката Марија Ѓ. Димова, во периодот од последниот избор во звањето доцент до пријавата на конкурсот за вонреден професор, има објавено научни книги, студии, есеи и критики во форма на авторски книги, во склоп на неколку референтни хрестоматии, и во повеќе стручни и научни списанија. Ќе ги наведеме позначајните текстови, класифицирани во неколку категории:

### 5. 1. Авторски книги:

1. *Модели на интертекстуалност* во романот. Скопје: Три, 2003.
2. *Метатекстови*. Велес: Графопринт, 2008.
3. *Интенција и интерпретација*, Велес: Графопринт, 2011.
4. *Повторната средба на Клио и Калиопа*, Скопје: Три, 2012.

### 5. 2. Одделни студии и есеи во научни и стручни хрестоматии, зборници и списанија:

- „Македонскиот роман низ призмата на постмодернистичката интертекстуалност", *Зборник трудови од XXXI научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Скопје, 2005, сс. 327-343;
- „Моќта на препознавањето", *Мираж/Мираге* бр. 11, Скопје, 2005. Достапно на <www.mirage.com.mk>;
- „Поетскиот завал на животот", *Современост*, Скопје, 2005, бр. 4, сс. 157 – 162;

- „Сликата на странецот/сликата за странецот во балканските литератури". *Балканска слика на светот*, приреден од К. Ќулавкова. Скопје: МАНУ, 2006, сс. 191-208;
- „Промискуитетот на интертекстуалноста". *Спектар* бр. 47. Скопје: Институт за македонска литература, 2006, сс. 131-137;
- „Толкувањето како совладување на дистанцата". Навраќање кон романот 'Покана на смртна казна' од Владимир Набоков. *Современост* бр. 1, Скопје: 2006, сс. 87-93;
- „Метафикција - од параноја до институционализација", *Мираж/Мираге*. Скопје, 2006, бр. 15. Достапно на < www.mirage.com.mk>;
- „Интертекстуални варијанти во современиот македонски расказ", *Македонскиот расказ*, Скопје: Институт за македонска литература, 2007, сс. 123-133;
- „Влијанието и интертекстуалноста – концептуални ин-верзии", *Книжевен контекст*, Скопје: Институт за македонска литература, 2007, сс. 81-88;
- „Помеѓу континуитетот и иновацијата (за актуелноста на еден жанр)". *Мираж* бр. 18, Скопје, 2007. Достапно на < www.mirage.com.mk>;
- „Историографска метафикција", *Поимник на книжевната теорија*, прир. Катица Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2007, сс. 227-228;
- „Метафикција", *Поимник на книжевната теорија*, прир. Катица Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2007, сс. 316-318;
- „Интерпретативни рестрикции". *Мираж* бр. 19, Скопје: Филолошки факултет, 2008. Достапно на < www.mirage.com.mk>;
- „Книжевност, историја, меморија". *Интерпретации*, специјален том посветен на *Меморијата и интерпретацијата*, прир. од Катица Ќулавкова, Скопје: МАНУ, 2008, сс. 135-149;
- „Романот како машина за создавање интерпретации", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Б. Конески" во Скопје, 2008, бр. 34 (129-146).

**Трудови по изборот во звањето доцент:**

- „Пишувањето роман, пишување за романот", *Прилози/Цонтрибутионс* 1-2, сц. 505-520. (посветен на акад. Милан Ѓурчинов), Скопје: МАНУ, 2009;
- „Романескни и-сторији: за една реафирмација на односот книжевност-историја", *Годишен зборник* на Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, Скопје, 2009, книга 35, сс. 243-256;
- „Толкување на романот, романот како толкување", *Славистички студии* бр. 13, Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, 2009, сц. 300-312;
- „Коментаторски варијации", *Мираж*, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје ,2009, бр. 22 (достапно на www.mirage.com.mk);
- „Де-мистификации и ре-визии на историјата", *Книжевен контекст*, Скопје: Институт за македонска литература, 2009, сс. 43-51;
- „Толкувањето меѓу текстот и контекстот", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2010, книга 36, сс. 131-147;
- „Теориски перформации во фикцијата: конструктивистичките рефлексии во романот *Александар и смртта* на Слободан Мицковиќ", *Прилози/Цонтрибутионс* бр. XXXV 1, Скопје: МАНУ, 2010, сс. 97-117;

- „Мнемонички импликации на топосот", Philological studies. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје/Пермский Государственный Университет-Россия/Univerza v Ljubljani/Sveučilište u Zagrebu, 2010, вол. 2. (достапно на www.philologicalstudies.org.mk);
- „Чиј глас е овој?" *Одисеи за Одисеја.* Скопје: Друштво на класични филолози Антика/Друштво за компаративна книжевност, 2010, сц. 93-107;
- „Наративни мелиорации на историјата", *Спектар*, Скопје: Институт за македонска литература, 2010, год. 28 (бр. 56), сц. 129-145;
- „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза", *Folia Philologica Macedono - Polon*ica, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје , 2011, том 8, сц. 273-282;
- „Constructivism and Narrative Fiction", *New Literary Theory and Hermeneutics. Interpretations: European Research Project for Poetics & Hermeneutics, Ed.* by Katica Kulavkova & Natasha Avramovska, Skopje: MANU, 2011, Volumes No. 4-5, pp. 263-275;
- „Пародиски мимикрии", *Славистички студии* бр. 14, Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2011, сс. 181 – 201;
- „Intertekstualne varijante u savremenoj makedonskoj priči"/„Intertextual Variants in Recent Macedonian Short Story", *Folia linguistica et litteraria. Institut za jezik i knjiž*evnost Filozofski fakultet Nikšić, Univerzitet Crne Gore, 2011, Issue 3/4 pp. 190-199;
- „Зошто историографска метафикција? (за атрактивноста на еден жанр)", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет, 2011, книга 37, сс. 459-468;
- „Книжевност и историја: мнемонички дискурси", Chrz*eścijański Wschód i Zachód: formy dialogu, wzory kultury, kody pamięci*, Poznań, Uniwersytet Im. Adama Mickiewicza W Poznaniu, Instytut Filologii Slowiańskiej, 2012, сс. 339-352;
- „Интердискурзивни варијации: односот книжевност – теорија"/ „Interdiscursive variations: the literature – theory relation", Pozna*ńskie Studia Slawistyczne,* Intersemiotyczność Poznań: Instytut Filologii Slowiańskiej Adam Mickiewicz University Press, 2012, nr. 2, pp. 155-168;
- „Романескните тематизации и проблематизации на историјата", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2012, книга 38, сс. 449-461;
- „The Narrative Asylums of Exile", Literary Dislocations. *Ed.* by S.S. Elzeser/V. Martinovski, *Skopje*: Institute of Macedonian Literature, 2012, pp. 169-179;
- „Петербург – тетовиран град, роман палимпсест", *Петербург* Андреј Бели, Скопје: Три, 2012, сс. 519-528 (поговор кон македонскиот превод);
- „Антологијата како варијанта на интерлитерарна рецепција"/„The Antology as a Variant of Interliterary Reception", *Блесок/Blesok,* 2012, бр. 84 (достапно на www.blesok.com.mk);
- „Де-митологизацијата на традицијата како една афирмација на односот текст-метатекст", *Славистички студии,* Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2013, бр. 15-16, сс. 243-253;
- „Контекстуалните селидби на Рацин", *Алманах на 49 Рацинови средби,* Велес: Општина Велес, 2013, сс. 56-71;

- „Книжевна теорија, пак?", *Мираж,* Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2013, октомври, бр. 29 (достапно на www.mirage.com.mk).

**5.3. Преводи на научни/стручни книги и делови од книги:**

- Јуриј Михајлович Лотман. *Семиосфера.* Скопје: Издавачки центар Три. 2006, 320 с;
- Ренате Лахман. „Мнемотехника и симулакрум". *Мираж/Mirage* бр. 9 (2004);
- Владимир Бити. „Прекрижени лик". *Мираж/ Mirage* бр. 12 (2005).

**5.4. Констатации на Комисијата за објавените трудови на кандидатката:**

Во врска со објавените текстови на д-р Марија Ѓорѓиева Димова, Комисијата смета дека станува збор за трудови со научен и стручен карактер, во кои таа пројавува интерес за теоријата на романот и на расказот, за теоријата на интертекстуалноста, и во тие рамки, за историографската и другите облици на метафикции и метатекстови. Исто така, нагласен е интересот за толкување на македонската книжевност во компаратистичко-балканистички и поширок контекст. Методолошки и херменевтички посматрано, д-р Ѓорѓиева Димова ги контекстуализира своите интерпретации во насока на компаративните културни и историски проучувања (на пр., текстовите посветени на балканската слика на светот и книжевната меморија). Следејќи ја востановената универзитетска практика, Комисијата констатира дека објавените научни и стручни трудови на кандидатката, објавени во периодот од претходниот избор до актуелниот, се одликуваат со високи научни стандарди.

**6. Заклучок на Рецензентската комисија:**

При донесувањето на својот заклучок, Рецензентската комисија ги имаше предвид одредбите на *Правилникот* за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, според кој, за вонреден професор може да биде избрано лице кое има: научен степен - доктор на науки од научната област во која се избира; самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во публикации, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници и способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.

Кандидатката за вонреден професор, д-р Марија, Ѓорѓиева Димова, доцент на Катедрата за општа и компаративна книжевност, ги исполнува наведените услови од *Правилникот*, по сите основи.

III

**7. Предлог на Рецензентската комисија:**

Врз основа на изнесените констатации за образовната, наставната, педагошката и научната работа на кандидатката за вонреден професор, Рецензентската комисија во состав: акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, д-р Славица Србиновска, редовен професор и д-р Елизабета Шелева, редовен професор, има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет

„Блаже Конески" да ја избере доцент д-р Марија Ѓорѓиева Димова во звањето **вонреден професор** по предметите *теорија и методологија на книжевноста и книжевна херменевтика*.

**Рецензентска комисија**

Акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Елизабета Шелева, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марија Ташко Ѓорѓиева Димова**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје**

(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: книжевност – општа и компаративна книжевност**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус студии (предавања) | |
| 1 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 1 (4+0) зимски семестар 2009-10 | 2,4 |
| 2 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2 (4+0) летен семестар 2009-10 | 2,4 |
| 3 | Книжевна херменевтика 2:креативно пишување 2 (2+0) летен семестар 2008-09 | 1,2 |
| 4 | Практика во наставата по компаративна книжевност (2+2) летен семестар 2008-09 | 2,1 |
| 5 | Теорија на книжевноста (Филозофски факултет - Институт за класични студии) (2+0) зимски семестар 2009-10 | 1,2 |
| 6 | Книжевна херменевтика 1: толкување современи драмски текстови семестар (2+0) зимски семестар 2009-10 | 1,2 |
| 7 | Теорија и методологија на книжевноста: историографска метафикција (2+0) летен семестар 2009-10 | 1,2 |
| 8 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност1 (4+0) зимски семестар 2011-12 | 2,4 |
| 9 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2 (4+0) летен семестар 2011-12 | 2,4 |
| 10 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 1 (4+0) зимски семестар 2011-12 | 2,4 |
| 11 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 2 (4+0) летен семестар 2011-12 | 2,4 |
| 12 | Историографска метафикција (2+0) летен семестар 2011-12 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност1 (4+0) зимски семестар 2012-13 | 2,4 |
| 14 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевност 2 (4+0) летен семестар 2012-13 | 2,4 |
| 15 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 1 (4+0) зимски семестар 2012-13 | 2,4 |
| 16 | Теорија и методологија на книжевноста: теорија на книжевни дискурси 2 (4+0) летен семестар 2012-13 | 2,4 |
| 17 | Книжевна херменевтика: книжевна херменевтика 1 (6+0) зимски семестар 2012-13 | 3,6 |
| 18 | Книжевна херменевтика: книжевна херменевтика 2 (6+0) летен семестар 2012-13 | 3,6 |
| 19 | Книжевна херменевтика: креативно пишување 1 (2+0) зимски семестар 2012-13 | 1,2 |
| 20 | Книжевна херменевтика: креативно пишување 2 (2+0), летен семестар 2012-13 | 1,2 |
| 21 | Историографска метафикција (2+0) летен семестар 2012-13 | 1,2 |
| 22 | Методика на наставата по книжевност 1 (2+2) зимски семестар 2012-13 | 2,1 |
| 23 | Методика на наставата по книжевност 2 (2+2) летен семестар 2012-13 | 2,1 |
| | Одржување на настава од втор циклус студии | |
| 24 | Книжевност и историја летен семестар 2012-13 (15 часа) | 0,75 |
| 25 | Книжевност и историја летен семестар 2011-12 (15 часа) | 0,75 |
| | Одржување на настава од прв циклус студии (вежби) | |
| 26 | Теорија и методологија на книжевноста 2: теорија на книжевност 2 (0+2) летен семестар 2008-09 | 0,9 |
| 27 | Теорија и методологија на книжевноста 4: теорија на книжевни дискурси 2 (0+2) летен семестар 2008-09 | 0,9 |
| 28 | Подготовка на нов предмет (предавања): историографска метафикција | 1 |
| 29 | Ментор на дипломска работа (1) Марица Алексовска (19323/67,10.2.2010) | 0,2 |
| 30 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1) м-р Сејдула Алили (09-1551/8, 23.9.2011; 09-1551/10, 17.1.2012). | 0,5 |
| 31 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4) Ненад Јолдески (09-1816/7,12.2.2013; 09-1816/8, 27.3.2013) Гордица Величковска (09-640/8,12.2.2013; 09-640/6, 27.3.2013) Валентина Петрушева (09-557/6,24.4.2012; 09-557/7, 4.6.2012) Кристина Димовска (09-537/7, 21.3.2012) | 1,2 |
| 32 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | работа (5)<br>Милош Андоновски ( 09-1/ 267, 7.9.2012<br>Николина Скрческа (09-1/6, 10.01.2012)<br>Бојана Богдановска (0933/264, 09.9 2011)<br>Ана Станковска (09-32/262, 29.9.2011)<br>Билјана Стамова (09-1300/1, 18.9.2009) | |
| 33 | Консултации со студенти 2008/09 (30 студенти) | 0,06 |
| 34 | Консултации со студенти 2009/10 (30 студенти) | 0,06 |
| 35 | Консултации со студенти 2011/12 (30 студенти) | 0,06 |
| 36 | Консултации со студенти 2012/13 (30 студенти) | 0,06 |
| | **Вкупно** | **54,04** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Учесник во научен проект: | |
| 1 | *New Literary Theory and Hermeneutics*. Interpretations: European Research Project for Poetics & Hermeneutics, Macedonian Academy of Sciences and Arts, 2010-2011 | 3 |
| 2 | *Интерпретативни стратегии*, Одделение за лингвистика и литературна наука, МАНУ (2013-2014) | 3 |
| | Објавени трудови | |
| | Монографии | |
| 3 | *Интенција и интерпретација*. Велес:Графопринт, 2011 ISBN 978-608-65383-0-9 | 8 |
| 4 | *Повторната средба на Клио и Калиопа*. Скопје:Три, 2012<br>ISBN 978-608-230-097-9 | 8 |
| | Дел од монографија | |
| 5 | „Constructivism and Narrative Fiction", New Literary Theory and Hermeneutics, Interpretations: *European Research Project for Poetics & Hermeneutics. Ed.* by Katica kulavkova/Natasha Avramovska, Skopje: MANU, 2011, volumes No. 4-5, 263-275. ISBN 978-608-203-066-1 | 4 |
| | Трудови објавени во научно/стручно списание | |
| 6 | „Толкување на романот, романот како толкување", *Славистички студии*. Филолошки факултет „Блаже Конески"- Скопје, 2009, бр. 13, стр. 300-312. | 4 |
| 7 | „Пишувањето роман, пишување за романот", *Прилози/Contributions* (посветен на акад. д-р Милан Ѓурчинов),Скопје:МАНУ, 2009, бр. 1-2, стр. 505-520. | 4 |
| 8 | „Коментаторски варијации", *Мираж*, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, 2009, бр. 22 (достапно на | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Chrześcijański Wshód i Zachód: formy dialogu, wzory kultury, kody pamięci*, Poznań, Uniwersytet IM. Adama Mickiewicza W Poznaniu, Instytut Filologii Slowiańskiej, 2012, стр. 339-352. | |
| 21 | „The Narrative Asylums of Exile", Literary Dislocations, Ed. by S.S.Elzeser/V.Martinovski, Skopje: Institute of Macedonian Literature, 2012, pp.169-179 | 2 |
| 22 | „Контекстуалните селидби на Рацин", *Алманах на 49 Рацинови средби*, Велес: Општина Велес, 2013, стр. 56-71. | 2 |
| 23 | „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза", Folia Philologica Macedono - *Polonica*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2011, том 8, стр. 273-282 | 2 |
| | Труд објавен во Зборник на трудови на в.о.институција | |
| 24 | „Романескни и-стории: за една реафирмација на односот книжевност-историја". *Годишен зборник* на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 2009, книга 35, стр.243-256. | 2 |
| 25 | „Толкувањето меѓу текстот и контекстот", *Годишен зборник* на Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 2010, книга 36, стр. 131-147. | 2 |
| 26 | „Зошто историографска метафикција? (за атрактивноста на еден жанр)", *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2011, книга 37, стр. 459-468. | 2 |
| 27 | „Романескните тематизации и проблематизации на историјата" *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, 2012, книга 38, стр. 449-461. | 2 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| 28 | „Чиј глас е овој", Научна работилница *Одисеи*, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 1.6.2009. | 1 |
| 29 | „Автореференцијалните и метатекстуалните капацитети на дневничката проза на Витолд Гомбрович", *Осма полско-македонска научна конференција* по повод 50 години од полонистиката во Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 23-24.10.2009 | 1 |
| 30 | „Топосот фигури на меморија низ мнемоничка оптика", Меѓународна научна работилница *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморија*,Скопје, МАНУ, 25.11. 2009 | 1 |
| 31 | „Книжевност и историја: мнемонички дискурси", *Меѓународна научна конференција Chrześcijański Wschód i Zachód: fory dialogu, wzory kultury, kody pamięci*, Познањ, 21-22.10.2010. | 1 |
| 32 | „Меморијата на романот (есеите на М.Кундера)", *В македонско - чешка меѓународна научна конференција*, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 17-18.5.2012. | 1 |
| 33 | „Контекстуалните селидби на Рацин", Творештвото на Рацин во современ контекст, *Симпозиум на 49-тите Рацинови средби*, Велес, 15.6.2012 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | „Романот и неговите мемории (*Книга за Тара* на З.Лешиќ)", *Културна меморија*. Меѓународна научна конференција, Центар за култура и културолошки студии, Скопје, 5-7.9.2013 | 1 |
| 35 | „Теоретската фикција како толкувачки модел (во романите на В.Андоновски и П.Павличиќ)", *IV меѓународен научен собир „Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски"*, Охрид, 27-29.9 2013. | 1 |
| | **Вкупно** | **99** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | |
|---|---|---|
| | Поглавје во книга | |
| 1 | „Петербург – тетовиран град, роман палимпсест",*Петербург* Андреј Бели, Скопје:Три, 2012, стр.519-528 (поговор кон македонскиот превод). | 3 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Уредник на е-компаратистичко списание *Мираж* | 2 |
| 2 | Член/претседател на пописни комисии (4) | 2 |
| 3 | Комисија за приговори за упис на нови студенти на Филолошки факултет за учебната 2013-2014 | 0,5 |
| 4 | Член на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија | 1 |
| 5 | Член на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AICL/ICLA) | 1 |
| 6 | Член на Европската мрежа за компаративни истражувања (REECL/ENCLS Réseau européen d'études littéraires comparées/European Network for Comparative Literary Studies) | 1 |
| 7 | Член на Балканската мрежа за култура и културолошки студии/ Балкан Нетњорк фор Цултуре анд Цултурал Студиес | 1 |
| 8 | Член на работна група при Бирото за развој на | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература за I, II, III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-628/1 од 22.4.2013) | |
| 9 | Член на работна група при Бирото за развој на образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и литература I и II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-633/1 од 22.4.2013) | 3 |
| 10 | Член на работна група при Бирото за развој на образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I, II, III година за тригодишното стручно образование (решение бр. 02-640/1 од 22.4.2013) | 3 |
| 11 | Член на работна група при Бирото за развој на образованието за изработка на наставна програма за наставниот предмет македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници од I и II година за двегодишното стручно образование (решение бр. 02-638/1 од 22.4.2013) | 3 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **23,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 54,04 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 99 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 23,5 |
| **Вкупно** | **176,54** |

**Рецензентска комисија**

Акад. д-р Катица Ќулавкова, редовен професор, с.р.

Д-р Елизабета Шелева, редовен професор, с.р.

Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.